**АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2023

# АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## Годишен извештај за 2023 година

| | |
|---|---|
| Период за кој се известува: 2023<br>Вкупен буџет: **17.305.000,00 денари**<br>Број на вработени: 20<br>**www.azlp.mk** | **Одговорно лице:**<br>Име и презиме: **Имер Алиу**<br>Звање: **Директор**<br>E-mail: info@privacy.mk<br>Телефон: 02/3230-635 |

Содржина

1. РЕЗИМЕ ....5
2. ВОВЕД ....6
3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА ....7
3.1 Статус ....7
3.2 Раководство ....7
3.3 Надлежности ....7
3.4 Организациска структура ....8
4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ, ПЛАН ЗА РАБОТА И СТРАТЕШКИ ПЛАН ....10
4.1 Препораки од Европската Унија и реализација на итните реформски приоритети ....10
4.2 Активности за хармонизација со законодавството на Европската Унија ....10
4.3 НПАА – Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија ....11
4.4 Супервизија ....11
4.4.1 Редовни супервизии ....11
*Единици на локалната самоуправа* ....11
*Електронски оператори* ....12
4.4.2 Супервизии во областа на следење на комуникациите ....12
4.4.3 Вонредни супервизии ....13
*Вонредни супервизии по службена должност* ....13
*Супервизии по поднесени известувања за нарушување* ....13
*на безбедноста на личните податоци.* ....13
*Задржување на лични карти и патни исправи во хотелите при регистрација на гостите во книгата на гости* 14
*Видеонадзор во локалите сместени во трговските центри* ....14
*Вонредни супервизии по поднесени барања од физички лица* ....14
*Одобрување на онлајн брзи кредити* ....14
*Пристап и користење на е-маил адреси на поранешни вработени* ....15
*Задржување на лична карта во хотел при евидентирање во книгата за гости* ....15
*Вонредни супервизии по иницијатива поднесена од орган на државна власт,* ....15
*правно или физичко лице* ....15
4.4.4. Барања за поведување на прекршочна постапка ....15
4.4.5 Прекршочна постапка ....16
4.4.6 Управни спорови ....17
4.4.7 Други барања од физички лица ....18
4.4.8 Нарушување на безбедноста на личните податоци ....18
4.4.9 Годишна програма за вршење супервизија за 2024 година ....18
4.5 Усогласување на секторската регулатива ....19
4.5.1 Мислења, консултации, укажувања на органи на државната власт и државни органи ....19
4.5.2 Известувања, насоки, одговори, укажувања и наредби дадени на контролори односно обработувачи ....20
4.5.3 Постапување по претставки ....21
4.5.4 Претставки кои се однесуваат на социјалните мрежи ....21
4.5.5 Издавање на одобренија за обработка на лични податоци ....22
4.6 Слободен пристап до информации од јавен карактер ....22
4.7 Односи со јавноста ....23
4.7.1 Соработка со медиумите ....24
4.7.2 Комуникација со странки ....25
4.8 Известување за обработка на лични податоци со висок ризик ....25
4.9 Офицери за заштита на личните податоци ....26
4.10 Спроведени обуки ....26
4.11 Пренос на лични податоци во други држави ....26
5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО ....28
6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ....29
6.1 Соработка со други институции ....29
6.2 Меѓународна соработка ....30
*Соработка со органите за заштита на личните податоци од регионот* ....30
6.3 Учество на Агенцијата на меѓународни настани, конференции и состаноци поврзани со заштитата на личните податоци ....31
6.4 Проекти и странска помош ....31
7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ....33

7.1 Реализација на буџетот за 2023 година – СМЕТКА тип 637 ... 33
7.2 Реализација на буџетот за 2023 година – СМЕТКА тип 631 ... 33
8. ЗАКЛУЧОЦИ ... 34
9. ПРЕПОРАКИ ... 35
10. ПРИЛОЗИ ... 37
*Прилог бр. 1: Органограм на Агенцијата заклучно со 31.12.2023 година* ... 37
*Прилог бр. 2: Правична застапеност на вработените* ... 38
*Прилог бр. 3: Полова структура на вработените* ... 38
*Прилог бр. 4: Старосна структура на вработените* ... 38
*Прилог бр. 5: Структура според степен на образование* ... 38
*Прилог бр. 6: Структура според вид на образование* ... 38
*Прилог бр. 7: Структура според звања на административни службеници и именувани/избрани лица* ... 39
*Прилог бр. 8: Структура по категории на звања и именувани/избрани лица* ... 39
*Прилог бр. 9: Супервизии* ... 39
*Прилог бр. 10: Редовни, вонредни и контролни супервизии по сектори* ... 39
*Прилог бр. 11: Спроведени супервизии по област* ... 40
*Прилог бр. 12: Вонредни супервизии според начинот како се поведени* ... 40
*Прилог бр. 13: Листа на предлог-закони, подзаконски акти и други материјали за кои е дадено мислење* ... 40
*Прилог бр. 14: Листа на предлог-закони кои беа доставени до Агенцијата на претходна консултација* ... 41
*Прилог бр. 16: Постапување по претставки* ... 42
*Прилог бр. 17: Начин на поднесени претставки* ... 42
*Прилог бр. 18: Претставки по вид на социјални мрежи* ... 42
*Прилог бр. 19: Пријава на нови офицери за заштита на личните податоци по години* ... 43
*Прилог бр. 20: Преглед на спроведени обуки од страна на Агенцијата* ... 43
*Прилог бр. 21: Дадени мислења/препораки во врска со пренос на лични податоци во други држави* ... 43
*Прилог бр. 22: Пријави за пренос на лични податоци во ЕУ и Европскиот економски простор* ... 43
*Прилог бр. 23: Примени барања за одобрение за пренос во трети земји* ... 44
*Прилог бр. 25: Буџет и трошоци за 2023* ... 44
*Прилог бр. 26: Структура на одобрениот буџет за 2023* ... 45
*Прилог бр. 27: Компаративна табела на одобрениот буџет за 2023 со одобрениот буџет за 2022* ... 45
*Прилог бр. 27-а: Графички приказ* ... 46
*Прилог бр. 28: Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2023 година* ... 46
*Прилог бр. 28-а: Графички приказ* ... 47
*Прилог бр. 29: Реализација на буџетот за 2023 година – СМЕТКА тип 631* ... 47
*Прилог бр. 30: Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2023 година* ... 47
*Прилог бр. 31: Одобрен буџет на проектирани приходи за 2023 година* ... 48
*Прилог бр. 32: Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2023 година* ... 48

## 1. РЕЗИМЕ

Агенцијата за заштита на личните податоци (Агенција) го доставува Годишниот извештај за работа за 2023 година до Собранието на Република Северна Македонија врз основа на членот 70 од Законот за заштита на личните податоци, во кој ги презентира сите активности кои се преземени во текот на 2023 година, со цел понатамошно подигнување и зајакнување на нивото на заштита на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите, а особено во однос на спроведените супервизии и дадените насоки, како и преглед на преземените чекори за усогласување на законодавството на Република Северна Македонија со законодавството на Европската Унија и правните инструменти на Советот на Европа во оваа област.

Во февруари 2023 година навршија три години од донесување на Законот за заштита на личните податоци со кој се транспонира Регулативата (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на овие податоци и за укинување на Директивата 95/46/ЕЗ (Општа регулатива за заштита на личните податоци).

Оттука, фокусот на Агенцијата во 2023 година беше подигнувањето на јавната свест за важноста на заштитата на личните податоци меѓу физичките лица, офицерите за заштита на личните податоци, како и контролорите и обработувачите од јавниот и приватниот сектор. Успешното спроведување на Законот за заштита на личните податоци е во разбирањето и почитувањето на законските обврски кои се однесуваат на контролорите и обработувачите во однос на заштитата на личните податоци како и разбирањето на физичките лица за нивните права и можности за нивно остварување. Во тој контекст, Агенцијата започна и со подготовка на нова Стратегија за заштита на личните податоци (2024-2030 година).

Во текот на 2023 година, Агенцијата во континуитет ги извршуваше своите задачи и овластувања, со особен акцент на истражните овластувања (супервизии), при што беа поднесени и шест барања за поведување на прекршочна постапка, а врз основа на кои барања беа изречени и прекршочни санкции во вкупен износ од 1.554.811 денари.

Во однос на усогласување со законодавството со Европската Унија, процесот за донесување на Законот со кој ќе се транспонира Директивата (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година (Полициската директива) сè уште е активен и Агенцијата продолжува да укажува на потребата од нејзино донесување.

Исто така, Агенцијата во текот на 2023 година продолжи да ја промовира и развива свесноста за потребата од заштита на личните податоци при процесите на дигитализација на услугите и хармонизација на секторското законодавство.

Поради тоа, во Извештајот се содржани и главните препораки за наредниот период кои се однесуваат на спроведувањето на Законот за заштита на личните податоци во насока на континуирано усогласување на контролорите и обработувачите со истиот, како и зајакнување на независниот статус на Агенцијата, како основен предуслов за целосно усогласување со законодавството на Европската Унија.

## 2. ВОВЕД

Правната и институционалната рамка која се однесува на заштитата на личните податоци е воспоставена со Законот за заштита на личните податоци кој ја транспонира Општата регулатива за заштита на личните податоци, бидејќи заштитата на личните податоци е една од основните вредности на секое демократско општество и одраз на нивото на човековите права кои се почитуваат и применуваат.

Агенцијата како дел од преговарачкиот тим, директно беше вклучена во скрининг процесот кој им овозможува на земјите кандидати да се запознаат со правното наследство на Европската Унија и на тој начин да ги подготви за преговорите за членство. Според скрининг - извештајот, Република Северна Македонија треба да ја заврши преработката на правната рамка за да постигне целосно усогласување со Општата регулатива за заштита на личните податоци. Во извештајот беше нагласено дека малиот број на вработени во Агенцијата сериозно негативно се одразува врз спроведувањето на законот и ја попречува способноста на Агенцијата ефикасно да ги извршува нејзините задачи. Покрај тоа, треба посистематски да биде консултирана за секторските закони или законодавството за спроведување, во однос на издавање на мислења за правните акти и дека дури и кога е консултирана, советите дадено од Агенцијата не секогаш се следат.

Во тие рамки во март 2023 година беше спроведена Оценска мисија на независни и регулаторни тела во Северна Македонија од страна на Европската комисија, како дел од скрининг процесот. Во препораките на Оценската мисија кон Собранието на Република Северна Македонија беше нагласено, меѓу другото, дека Собранието треба потемелно да ја испита суштината на годишниот извештај на Агенцијата и да ги следи дадените препораки.

Понатаму, насоките дадени во Патоказот за владеење на правото, кој во себе ги опфаќа клучните реформи во Поглавјето 23 – правосудство и темелни права и Поглавјето 24 – правда, слобода и безбедност и се надоврзува на скрининг процесот, исто така се однесуваат на усвојување на измените на Законот за заштита на личните податоци за целосно усогласување со европската регулатива во однос на регулирање на правилата за пренос на лични податоци и зајакнување на самостојноста и независноста на Агенцијата.

Во тој контекст, увидувајќи ја потребата за целосно усогласување со европската регулатива, Агенцијата подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци кој сè уште е во процес на донесување.

Затоа,

**МИСИЈАТА** на Агенцијата продолжува да биде јакнењето, промоцијата и заштитата на приватноста и на податоците на физичките лица, преку спроведување на супервизија, давање насоки, како и мислења во согласност со законските прописи,

додека

**ВИЗИЈАТА** е таа да биде препознатлив заштитник и промотор на правото на приватноста на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци, со мотивиран тим подготвен да одговори на предизвиците од дигиталната ера.

# 3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

## 3.1 Статус

Агенцијата е самостоен и независен државен орган, надлежен да врши надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија, како и заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци.

Агенцијата има истражни, корективни и советодавни (давање одобренија и мислења) овластувања во областа на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија.

## 3.2 Раководство

Со Агенцијата раководи директор, кој го избира Собранието на Република Северна Македонија за време од пет години, со право на уште еден мандат, притоа директорот има и заменик според одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

## 3.3 Надлежности

Агенцијата како главен креатор на политиките, мерките и дејствијата кои што треба да се преземаат за доследно спроведување на прописите за заштита на личните податоци, ги има следните законски надлежности:

- да врши супервизија над заштитата на личните податоци односно надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија, како и заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци;
- ја следи и спроведува примената на Законот за заштита на личните податоци;
- ја промовира јавната свест и согледувањето на ризиците, правилата, заштитните мерки и правата во однос на обработката на личните податоци, а особено на активностите кои се насочени кон децата;
- во согласност со закон, дава мислења на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и на другите институции и тела за законодавните и административните мерки за заштитата на правата и слободите на физичките лица во однос на обработката на личните податоци;
- ја промовира свесноста на контролорите и обработувачите за нивните обврски;
- на барање, обезбедува информации на секој субјект на личните податоци во врска со остварувањето на неговите права според овој закон и доколку е потребно, за таа цел соработува со други надзорни органи за заштита на личните податоци;
- ги разгледува поднесените барања од субјектот на личните податоци или од здружение согласно со овој закон и го истражува во соодветна мера предметот на барањето, како и во разумен рок го информира подносителот на барањето за исходот на постапката, особено ако е потребна дополнително истражување или координација со друг надзорен орган за заштита на личните податоци;
- соработува со други надзорни органи за заштита на личните податоци, вклучително и преку размена на информации и взаемна помош, со цел да се обезбеди заштита на правата и слободите на физичките лица во однос на обработката на личните податоци;
- спроведува истражување во врска со примената на Законот за заштита на личните податоци, вклучувајќи и врз основа на информации добиени од друг надзорен орган за заштита на личните податоци или друг јавен орган;

- го следи соодветниот развој, особено во областа на информатичката и комуникациската технологија и трговските практики, доколку тоа влијае на заштитата на личните податоци;
- воспоставува и одржува листа во врска со барањето за проценка на влијанието на заштитата на личните податоци;
- дава мислење за операциите за обработка на личните податоци;
- го поттикнува изработувањето на кодекси на однесување, како и дава мислење и одобрува кодекси на однесување кои обезбедуваат соодветни заштитни мерки во согласност со Законот за заштита на личните податоци;
- го поттикнува создавањето на механизми за сертификација за заштита на личните податоци и на печати и ознаки за заштита на личните податоци;
- кога е применливо, врши периодично преиспитување на издадените сертификати во согласност со Законот за заштита на личните податоци;
- ги објавува стандардите и нормативите за акредитација на телото за мониторинг на одобрените кодекси на однесување и на сертификационото тело во согласност со Законот за заштита на личните податоци;
- врши акредитација на телото за мониторинг на одобрените кодекси на однесување;
- издава одобрение за договорните клаузули при пренос на лични податоци;
- ги одобрува задолжителните корпоративни правила;
- воспоставува и одржува евиденција на нарушувањата, како и на преземените мерки во согласност со Законот за заштита на личните податоци;
- врши обука за заштита на лични податоци; и
- врши и други задачи поврзани со заштитата на личните податоци, согласно со закон.

### 3.4 Организациска структура

Во Агенцијата, заклучно со 31.12.2023 година вработени се вкупно 20 лица (директор, 15 административни службеници, 2 лица помошно-технички персонал и 2 лица вработени на определено време). Ова претставува 38% пополнетост на работните места според систематизираните работни места во Агенцијата, имајќи го предвид фактот дека во Актот за систематизација на работните места предвидени се 47 работни места со вкупно 50 извршители.

Внатрешната организација се состои од 4 сектори со 9 одделенија и 1 посебно одделение. Годишниот план за вработување за 2023 година на Агенцијата од Министерството за финансии во три наврати беше вратен за ревидирање – позитивно мислење е добиено на четвртиот Годишен план за вработување кога Агенцијата не побара ниту едно ново вработување, туку само 6 унапредувања, иако во последните години има значителен одлив на вработени од Агенцијата.

Треба да се истакне дека во текот на 2023 година, во Агенцијата им престана вработувањето по сопствени барања на двајца административни службеници – 1 раководител на одделение-супервизор (со високо образование од областа на правните науки) и 1 помлад соработник-архивар (со високо образование од областа на јавната администрација).

Оттука, останува фактот дека Агенцијата има значителен недостаток од човечки ресурси и дека овој предизвик треба да се реши како со пополнување на дел од работните места преку вработување, така и со унапредување на постоечкиот кадар, но и обезбедување на целосна самостојност и независност особено при управувањето со човечките ресурси.

Во првото тромесечје на 2023 година, поради зголемениот обем на работа на Агенцијата, од Министерството за финансии единствено се даде согласност за вработување на две лица и тоа на определено време за период од една година.

Поради тоа, приоритет за наредниот период ќе биде вработување на нови, стручни кадри и активирање на процесот на унапредување на постоечките вработени, како и целосно осамостојување на Агенцијата во делот на управувањето со човечките ресурси.

Дополнително, предизвик ќе биде и обезбедување на средства за работа на Агенцијата од Буџетот на Република Северна Македонија кои ќе претставуваат реален одраз на потребите на Агенцијата, а кој во форма на предлог се доставува до Министерството за финансии, со што ќе се обезбеди целосно и професионално остварување на нејзините законски утврдени надлежности. Целосен преглед во однос на внатрешната организација (органограм) и структурата на вработените според правична застапеност, пол, старосна структура, степен на образование, вид на образование, звања на административни службеници и именувани/избрани лица, и категории на звања и именувани/избрани лица, се дадени во делот Прилози како *прилози 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8*.

## 4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ, ПЛАН ЗА РАБОТА И СТРАТЕШКИ ПЛАН

### 4.1 Препораки од Европската Унија и реализација на итните реформски приоритети

Агенцијата во соработка со Европската Комисија е во процес на изработка на нова Стратегија за периодот 2024-2030 година, како документ со кој се дава насоката и се одредуваат патеките за модернизација и развој на системот за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија. Предлог Стратегијата ќе биде развиена преку инструментот ТАЕКС со кој е обезбедена експертска помош од ЕУ.

Останува, во претстојниот да се донесе и законот со кој ќе се транспонира и Директивата (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година (Полициската директива), со цел да се заокружи нормативното усогласување со правото на Европската Унија во оваа област.

### 4.2 Активности за хармонизација со законодавството на Европската Унија

Активностите за хармонизација на законодавство на Република Северна Македонија со законодавството на Европската Унија во голема мера коинцидираат со препораките и реформските приоритети за усогласување на правната рамка на заштита на личните податоци со Општата регулатива за заштита на личните податоци, како и целосна имплементација на Законот за заштита на личните податоци.

Целта на донесување на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци е да се надминат и состојбите нотирани во Скрининг извештајот за Република Северна Македонија од 2023 година, Извештајот за Северна Македонија за 2023 година на Европската комисија, Извештајот од оценската мисија за независни и регулаторни тела во Северна Македонија на Европската комисија за 2023 година и Патоказот за владеење на правото. Во овие извештаи беше нагласено дека Агенцијата врши поголеми задачи и овластувања создадени со новиот Закон, но континуираниот недостаток на кадарот во Агенцијата има сериозно негативно влијание при спроведувањето на Законот. Целосното функционирање на Агенцијата во голема мера зависи од Министерството за финансии (МФ) и од Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), во смисла дека за вработување на персонал, на Агенцијата ѝ треба одобрение од МФ, додека за унапредување на персоналот и за ревизија на организациската структура, ѝ треба одобрение од МИОА, како и во однос на државните средства кои ѝ се доделени на Агенцијата, а кои се доволни само за покривање на основните функции, без простор за инвестирање во професионален развој на кадарот. Донесувањето на Предлог законот ќе овозможи обезбедување на Агенцијата да ги има сите неопходни ресурси за ефективно извршување на нејзините функции и овластувања, со цел нагласување на нејзиното самостојно, независно и непристрасно функционирање како што е предвидено и во Општата регулатива за заштита на личните податоци.

Во тие рамки, Агенцијата има потреба од итно донесување на нова Стратегија за заштита на личните податоци и останува силната потреба од натамошно подигање на свеста и поттикнување култура на заштита на личните податоци во сите сектори.

Хармонизацијата на законодавството на Република Северна Македонија со законодавството на Европската Унија во голем дел зависи и од започнување на процесот на донесување на закон за транспонирање на Директивата (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година (Полициска директива) од страна на Министерството за правда, што ќе остане како приоритет за 2024 година.

### 4.3 НПАА – Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија

Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) е сеопфатен долгорочен документ кој ја дефинира динамиката на усвојувањето на правото на Европската Унија, стратегиските насоки, политиките, реформите, структурите, ресурсите и роковите што треба да се реализираат со цел Република Северна Македонија да ги исполни условите за членство во Европската Унија.

По влегување на Законот за заштита на личните податоци во август 2021 година, започна неговата целосна имплементација предвидена во Поглавјето 23 – Правосудство и фундаментални права од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА). Понатамошните активностите предвидени во Националната програма, а спроведени од Агенцијата, се целосна имплементација на донесените подзаконски акти, спроведување на супервизии, создавање на обучен и мотивиран тим и зголемување на свесноста на физичките лица за правата во однос на заштитата на личните податоци.

### 4.4 Супервизија

Преку спроведување на редовни, вонредни и контролни супервизии, Агенцијата утврдува дали контролорите и обработувачите вршат обработка на личните податоци на законит и правичен начин и дали правата на физичките лица во конкретни случаи биле повредени.

Во овој извештај се опфатени главните работни активности на Секторот за супервизија во календарската 2023 година, а кои произлегуваат од доменот на клучните надлежности на Агенцијата.

Во 2023 година беа спроведени вкупно **237** супервизии, што е за **39,4%** повеќе во однос на **2022 година** и покрај намалениот број на супервизори (четири (**4**) супервизори за цела територија на Република Северна Македонија).

Спроведените **237** супервизии по вид беа:

- **27** редовни супервизии и
- **210** вонредни супервизии.

Од спроведените супервизии:

- **34** супервизии се спроведени кај контролори од јавниот сектор,
- **195** супервизии кај контролори од приватниот сектор и
- **8** кај физички лица.

#### 4.4.1 Редовни супервизии

Во текот на 2023 година се спроведоа **27** редовни супервизии во единиците на локалната самоуправа и електронските оператори.

*Единици на локалната самоуправа*

Редовната супервизија кај единиците на локалната самоуправа (вкупно **21** супервизија (1 во Градот Скопје и **20** во општини)) по својот обем беше делумна, а во фокус на супервизијата беа опфатени

- управувањето со системот за заштита на личните податоци и отчетност,
- обука и свесност за заштита на личните податоци и
- управување и ангажирање на надворешни субјекти (обработувачи).

Кај едниците на локалната самоуправа, супервизијата идентификуваше многу ограничено ниво на уверување дека процесите и процедурите за заштита на личните податоци се воспоставени. Најголем број од општините немаа определено офицер за заштита на личните податоци согласно со Законот за заштита на личните податоци. Онаму каде што имаа определено офицери за заштита на личните податоци, истите не биле навреме вклучени во сите прашања поврзани со заштитата на личните податоци. Покрај

ова, офицерите за заштита на личните податоци не ги извршуваа работите согласно Законот за заштита на личните податоци.

Контролорите (општините) немаа донесено и не применуваа процедури за управување со обработувачи, ниту имаа склучено договори со обработувачите согласно со членот 32 од Законот за заштита на личните податоци. Исто така, се утврди дека контролорите не вршеле контрола над работата на обработувачите.

Во однос на делот за обука и свесност за заштита на личните податоци, се провери дали се обезбедени и дали е овозможено следење на обуки за заштита на личните податоци на вработените и колку се свесни за заштита на личните податоци во однос на нивните улоги и одговорности што ги имаат кај контролорите. Супервизијата идентификува многу ограничено ниво на уверување дека вработените пред нивното отпочнување со работа се запознаваат со прописите за заштита на личните податоци, како и со донесената документација за технички и организациски мерки и дека се едуцирани согласно нивните овластувања. Така кај сите контролори се утврди дека немаат изработено План за едуцирање на раководството и овластените лица за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци и немаа обезбедено општи и специјализирани обуки за заштита на личните податоци на офицерот за заштита на личните податоци и вработените, согласно прописите за заштита на личните податоци.

*Електронски оператори*

Кај шест (6) контролори од областа на електронските комуникации беа опфатени процесите кои се однесуваат на воспоставениот систем за заштита на личните податоци, како и нивните обврски во постапката за спроведување на активностите согласно прописите за следење на комуникациите.

### 4.4.2 Супервизии во областа на следење на комуникациите

Во текот на 2022 година, Агенцијата изврши редовни супервизии кај контролорите кои што постапуваат согласно прописите за следење на комуникациите (Агенцијата за национална безбедност, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана - Служба за воена безбедност и разузнавање, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, 22 основни јавни обвинителства, Врховниот суд на Република Северна Македонија и 17 основни судови), а кои беа планирани според Годишната програма за вршење супервизија за 2022 година.

Во тој контекст, на почетокот на 2023 година, Агенцијата изврши редовни супервизии и кај контролорите – операторите кои имаат обврски согласно прописите за следење на комуникациите (Македонски Телеком АД Скопје, Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Друштво за комуникациски услуги Лајкамобајл ДООЕЛ Скопје, Друштво за телекомуникации и услуги Неотел ДОО извоз-увоз Скопје и Друштво за телекомуникациски услуги Телекабел ДООЕЛ Штип), а кои беа планирани според Годишната програма за вршење супервизија за 2023 година.

При спроведување на супервизиите, Агенцијата применуваше стандардизиран Прашалник за состојбите со законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци и примената на мерките за заштита на личните податоци преку кој се оценуваше и функционирањето на воспоставениот систем за заштита на личните податоци кај контролорите – операторите.

За овие редовни супервизии составени се записници и донесени се решенија со кои контролорите - операторите се задолжени со одредени корективни мерки во насока целосно да ги применат прописите за заштита на личните податоци, а во корелација со одредбите од Законот за следење на комуникациите.

Воедно, за овие спроведени супервизии, согласно одредбите од членот 70 од Законот за заштита на личните податоци и одредбите од членовите 35 и 54 од Законот за следење на комуникациите, Агенцијата достави до Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите при Собранието на Република Северна Македонија посебен Извештај за извршени супервизии над спроведувањето на одредбите од Законот за следење на комуникациите во кој се презентирани состојбите кај овластените органи, судовите, операторите и Оперативно - техничката агенција од аспект на применувањето на прописите за заштита на личните податоци, а во корелација со одредбите од Законот за следење на комуникациите и Законот за кривичната постапка.

Исто така, во текот на 2023 година, претставник од Агенцијата учествуваше на три практични работилници на тема „Развивање процедури за чување и ништење податоци собрани со посебни истражни мерки“, организирани од ДЦАФ - Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (на кој учествуваа и претставници од Врховниот суд на Република Северна Македонија, Основниот кривичен суд во Скопје, Основното јавно обвинителство Скопје, Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, Министерството за внатрешни работи, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Државниот архив на Република Северна Македонија и Адвокатската комора на Република Северна Македонија, како и универзитетски професори) со цел развивање и изработување на Водич за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки, а согласно препораките дадени од Агенцијата во рамките на спроведените супервизии од областа на следењето на комуникациите.

### 4.4.3 Вонредни супервизии

Вонредната супервизија по правило е ненајавена супервизија и се врши во случај на поднесено барање согласно со одредбите од членовите 93, 97 и 100 од Законот за заштита на личните податоци, по иницијатива поднесена од орган на државна власт, правно или физичко лице, по службена должност или во случај на сомневање на супервизорот за повреди на одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Во 2023 година, супервизорите извршија **210** вонредни супервизии и тоа:

*Вонредни супервизии по службена должност*

Агенцијата поведе **155** супервизии по службена должност. Седум (**7**) вонредни супервизии беа поведени по поднесени известувања за нарушување на безбедноста на личните податоци, а другите вонредни супервизии се поведоа кај контролори од областа на туризам и угостителство, трговија, култура и забава, финансии, електронски комуникации и пошти.

*Супервизии по поднесени известувања за нарушување на безбедноста на личните податоци.*

Супервизорите поведоа седум (7) супервизии по поднесени известувања за нарушување на безбедноста на личните податоци во 2022 и 2023 година. Во четири случаи, сите контролори од јавниот сектор, нарушувањето настанало како резултат на рансомвер напади. Во сите седум случаи се утврди прекршување на прописите за заштита на личните податоци, односно поконкретно се утврди дека контролорите:

- не примениле соодветни технички и организациски мерки, односно немаа донесено политики за системот за заштита на личните податоци и други соодветни процедури за заштита на личните податоци и за технички и организациски мерки.
- немаа донесено процедура за нарушување на безбедноста на личните податоци како и за управување со инциденти.
- немаа определено администратор на информацискиот систем.
- вработените кај контролорите немаат потпишано изјави за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

- вработените кај контролорите немаат добиено овластувања за вршење на обработка на личните податоци.
- немаа донесено и спроведено План за едуцирање на раководството и овластените лица за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци.
- немаа вршено периодични контроли заради следење на усогласеноста на нивното работење со прописите за заштита на личните податоци.
- немаа извршено внатрешна контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура со цел да се провери дали процедурите кои се применуваат се во согласност со прописите за заштита на личните податоци.
- немаа определено офицер за заштита на личните податоци и ги немаа објавено контакт податоците за офицерот за заштита на личните податоци на својата веб страница.
- не водеа евиденција на активностите за обработка.
- не ја исполнуваа обврската за безбедност на обработката на личните податоци.
- немаа воспоставено систем за документирање на нарушувањата на безбедноста на личните податоци, вклучувајќи ги фактите поврзани со нарушувањето на безбедноста на личните податоци, нивните последици и преземените активности за справување со нарушувањето.
- немаа направено проценка на ризик.

*Задржување на лични карти и патни исправи во хотелите при регистрација на гостите во книгата на гости*

Агенцијата поведе четири (**4**) вонредните супервизии по службена должност кај контролори од областа на туризам и угостителство (хотели во Скопје) каде се провери задржувањето на лични карти и патни исправи при евидентирање на гостите во книгата за гости. Кај овие супервизии не се утврдија прекршувања на Законот за заштита на личните податоци.

*Видеонадзор во локалите сместени во трговските центри*

Втората група на супервизии поведени по службена должност, кои беа и најмногубројни вкупно **140** супервизии имаа за цел да се провери состојбата со воспоставениот систем за видеонадзор, во однос на должноста на контролорите да истакнат известување за вршење на видеонадзор и начинот на остварување на правата на субјектите на лични податоци чии податоци се обработуваат преку системот за видеонадзор, односно дали е донесена и истакната Изјава за приватност за вршење на видео надзор. Покрај ова, се провери и дали контролорите ја известиле Агенцијата за контакт податоците за офицерот за заштита на личните податоци. Кај најголем број од овие контролори се утврдија прекршувања на прописите за заштита на личните податоци и се дадоа рокови и мерки за усогласување со Законот за заштита на личните податоци.

*Вонредни супервизии по поднесени барања од физички лица*

Во текот на 2023 година се извршија **36** вонредни супервизии по поднесени барања за прекршувања на Законот за заштита на личните податоци од страна на физички лица.

*Одобрување на онлајн брзи кредити*

Шест (**6**) супервизии се поведоа во едно од финансиските друштва за давање на онлајн (брзи) кредити. Во сите случаи подносителите се жалеа дека контролорот-финансиското друштво за издавање на брзи кредити одобрило онлајн кредит без притоа истите да поднесат барање за кредит, односно одобрило кредит на други физички лица кои ги употребиле нивните лични податоци со користење на телефонски броеви кои не се нивни и без притоа да им се утврди идентитетот при поднесување на барањата за кредит.

Во два (2) од шест случаи одобрувањето на кредит е направено преку кредитен посредник (онлајн продавница). Во сите случаи супервизорите утврдија прекршување на Законот за заштита на личните податоци, односно утврдија дека контролорот незаконито обработува лични податоци за подносителите бидејќи не демонстрира на кој начин ги собрал нивните лични податоци, а кои биле употребени во барањето за кредит, врз основа на кои биле склучени договорот за кредит, со што контролорот постапил спротивно на одредбите на членот 10 од Законот за заштита на личните податоци. За четири случаи беа поднесени тужби за поведување на управен спор до Управниот суд на Република Северна Македонија. Во сите случаи Управниот суд донесе пресуди со кои ги потврди решенијата на Агенцијата.

*Пристап и користење на е-маил адреси на поранешни вработени*

Во 2023 година до Агенцијата беа доставени две барања од граѓани за прекршување на Законот за заштита на личните податоци и тоа во однос на пристап и користење на нивните службени е-маил адреси по престанување на работниот однос. Двете барања беа поднесени против различни контролори. И во двата случаи супервизорите утврдија прекршување на Законот за заштита на личните податоци и ги задолжија контролорите да ги избришат е-маил адресите на поранешните вработени.

*Задржување на лична карта во хотел при евидентирање во книгата за гости*

Агенцијата спроведе вонредна супервизија кај еден контролор (хотел) поради задржување на личната карта на подносителот за време на неговиот престој во хотелот. Контролорот секојдневно ги задржувал личните документи на гостите сѐ додека не се одјават и истите биле гаранција за да се изврши наплата за услугите што ги нудел хотелот. Агенцијата утврди прекршување на Законот за заштита на личните податоци.

*Вонредни супервизии по иницијатива поднесена од орган на државна власт, правно или физичко лице*

Агенцијата спроведе вонредни супервизии по иницијатива поднесена од орган на државна власт, правно или физичко лице за **19** случаи. Најголем број од иницијативите **(14)** се поведоа по иницијатива на физички лица поради поставен видео надзор во повеќе станбени објекти без да се обезбеди согласност од 70% од станарите/закупците.

### 4.4.4. Барања за поведување на прекршочна постапка

Во текот на 2023 година, супервизорите поднесоа шест **(6)** барања до Комисијата за одлучување по прекршок на Агенцијата за поведување на прекршочна постапка против двајца контролори од приватниот сектор.

Четири (**4**) барања беа поднесени против едно финансиско друштво за издавање онлајн (брзи) кредити, бидејќи спротивно на членот 10 од Законот за заштита на личните податоци незаконито обработувало лични податоци за подносителите и не демонстрира на кој начин ги собрало нивните лични податоци, а кои биле употребени во барањата за кредит, врз основа на кои биле склучен договори за кредит, што претставува прекршок согласно член 111 став (1) точка 2 и членот 111 став (2) од Законот за заштита на личните податоци.

Едно барање за поведување на прекршочна постапка беше поднесено против контролор од областа на туризмот и угостителството, бидејќи спротивно на членот 9 став (1) алинеи 1, 2 и 3 и членот 10 од Законот за заштита на личните податоци, а во врска со одредбите од членот 9 ставови (2) и (3) од Законот за лична карта и прописите за угостителската дејност задржувал и ги чувал личните карти на гостите (субјекти на лични податоци) и по нивното евидентирање во книгата на гости се до нивното заминување, што претставува прекршок согласно член 111 став (1) точки 1 и 2 од Законот за заштита на

личните податоци и член 111 став (2), а во врска со член 111 став (2) точка 20 од Законот за заштита на личните податоци

Против истиот контролор беше поднесено уште едно барање за поведување на прекршочна постапка, бидејќи спротивно на членот 106 од Законот за заштита на личните податоци не овозможи на супервизорите и на овластеното лице од Агенцијата непречено вршење на вонредна супервизија во системот за видео надзор во делот на аудио снимање во неговите простории, што претставува прекршок согласно член 110 став (1) точка 20 од Законот за заштита на личните податоци и член 110 став (2), а во врска со член 110 став (1) точка 20 од Законот за заштита на личните податоци.

### 4.4.5 Прекршочна постапка

Во 2023 година до Комисијата за одлучување по прекршок во Агенцијата („Прекршочна комисија“) поднесени се шест **(6)** барања за поведување на прекршочна постапка.

Во однос на овие барања од страна на Прекршочната комисија донесени се шест **(6)** решенија со кои се изрече прекршочна санкција - глоба за правното и одговорното лице во правното лице и тоа:

- за сторен прекршок согласно член 110 став (1) точка 20 од Законот за заштита на личните податоци, односно не овозможување непречено вршење на вонредна супервизија според одредбите од членот 106 од овој закон, одмерена глоба од вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот износ од 190.055,00 денари за правното лице и износ од 18.447,00 денари за одговорното лице во правното лице;
- за сторен прекршок согласно член 111 став (1) точка 2 од Законот за заштита на личните податоци, односно спротивно на одредбите од членот 9 став (1) алинеи 1, 2 и 3 и членот 10 од овој закон, а во врска со одредбите од членот 9 ставови (2) и (3) од Законот за личната карта и прописите за угостителската дејност задржувале и чувале лични карти на гости (субјекти на лични податоци) и по нивното евидентирање во книгата на гости се до нивното заминување, одмерена глоба од вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот износ од 380.110,00 денари за правното лице и износ од 21.522,00 денари за одговорното лице во правното лице;
- за сторен прекршок согласно член 111 став (1) точка 2 од Законот за заштита на личните податоци, односно спротивно на одредбите на членот 10 став (1) алинеја 1 од овој закон без претходно обезбедена согласност за обработка на личните податоци вршеле обработка на лични податоци и не биле во можност да демонстрираат (докажат) дека субјектот на лични податоци дал согласност во смисла на одредбите од членот 4 став (1) точка 11 од Законот за заштита на личните податоци, одмерена глоба од вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот износ од 217.720,00 денари за правното лице и износ од 18.448,00 денари за одговорното лице во правното лице;
- за сторен прекршок согласно член 111 став (1) точка 2 од Законот за заштита на личните податоци, односно спротивно на одредбите на членот 10 став (1) алинеја 1 од овој закон без претходно обезбедена согласност за обработка на личните податоци вршеле обработка на лични податоци и не биле во можност да демонстрираат (докажат) дека субјектот на лични податоци дал согласност во смисла на одредбите од членот 4 став (1) точка 11 од Законот за заштита на личните податоци, одмерена глоба од вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот износ од 217.720,00 денари за правното лице и износ од 18.448,00 денари за одговорното лице во правното лице;

- за сторен прекршок согласно член 111 став (1) точка 2 од Законот за заштита на личните податоци, односно спротивно на одредбите на членот 10 став (1) алинеја 1 од овој закон без претходно обезбедена согласност за обработка на личните податоци вршеле обработка на лични податоци и не биле во можност да демонстрираат (докажат) дека субјектот на лични податоци дал согласност во смисла на одредбите од членот 4 став (1) точка 11 од Законот за заштита на личните податоци, одмерена глоба од вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот износ од 217.720,00 денари за правното лице и износ од 18.448,00 денари за одговорното лице во правното лице;
- за сторен прекршок согласно член 111 став (1) точка 2 од Законот за заштита на личните податоци, односно спротивно на одредбите на членот 10 од овој закон незаконито обработувале лични податоци и не биле во можност да демонстрираат (докажат) постоење на правен основ за обработката на личните податоци, одмерена глоба од вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот износ од 217.720,00 денари за правното лице и износ од 18.453,00 денари за одговорното лице во правното лице.

Во текот на 2023 година поведени се шест **(6)** управни спорови против решенијата на Прекршочната комисија, за кои се подготвени шест одговори на тужба и доставени до Управниот суд на Република Северна Македонија.

Од страна на Управниот суд добиени се две **(2)** пресуди од поведените управни спорови во 2023 година, од кои со една се потврдува решението на Прекршочната комисија, односно тужбата се одбива како неоснована и една пресуда со која тужбата е уважена, а предметот е вратен на повторно постапување и одлучување до Прекршочната комисија. Прекршочната комисија по повторно разгледување на целокупната документација по предметот, а имајќи ги предвид насоките на Управниот суд во однос на постапките за порамнување и спогодување според одредбите од Законот за прекршоците донесе повторно решение со кои се изрече прекршочна санкција – глоба за сторен прекршок согласно член 110 став (1) точка 20 од Законот за заштита на личните податоци, односно не овозможување непречено вршење на вонредна супервизија според одредбите од членот 106 од овој закон, одмерена глоба од вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот износ од 190.055,00 денари за правното лице и износ од 18.448,00 денари за одговорното лице во правното лице.

Во однос на прекршочната постапка поведена по барање од 2021 година, со кое беше донесено решение од страна на Прекршочната комисија со кое се изрече прекршочна санкција – глоба за сторен прекршок согласно член 110 став (1) точка 20 од Законот за заштита на личните податоци за правното лице и одговорното лице во правното лице, добиена е пресуда од Вишиот управен суд на Република Северна Македонија, со која жалбата се одбива како неоснована, а пресудата на Управниот суд се потврдува (тужбата е одбиена како неоснована), со што е потврдено и решението на Прекршочната комисија.

### 4.4.6 Управни спорови

Во текот на 2023 година, поведени се шест **(6)** управни спорови против решенија на Агенцијата. За три **(3)** предмети добиени се пресуди со кои се потврдуваат решенијата на Агенцијата, додека за еден **(1)** предмет добиена е пресуда со која се поништува решението на Агенцијата и за истото од страна на Агенцијата е изработено ново решение според насоките на Управниот суд.

За поведени четири **(4)** управни спорови во 2022 година добиени се четири **(4)** одлуки од Управниот суд во 2023 година. Со две **(2)** пресуди се потврдуваат решенијата на Агенцијата, со една **(1)** пресуда се поништува решението на Агенцијата и за истото од

страна на Агенцијата е изработено ново решение според насоките на Управниот суд и со едно (1) решение се запира управниот спор поради смрт на тужителот.

Во текот на 2023 година поднесени се четири (4) жалби против пресуди на Управниот суд за поведени управни спорови во 2021, 2022 и 2023 година. Вишиот управен суд поништи една пресуда на Управниот суд донесена во 2023 година бидејќи не му бил доставен целокупниот предмет за да може да постапува и истиот беше вратен на повторно одлучување на Управниот суд. Управниот суд ја повтори постапката и донесе пресуда со која го потврди решението на Агенцијата.

### 4.4.7 Други барања од физички лица

Во 2023 година Секторот за супервизија постапи по 21 барања од физички лица на кои им беа дадени насоки каде и како да остварат едно од правата уредени со Законот за заштита на личните податоци, посебно правото на приговор.

### 4.4.8 Нарушување на безбедноста на личните податоци

Согласно членот 37 од Законот за заштита на личните податоци, во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци, контролорот веднаш и не подоцна од 72 часа откако дознал за истото е должен да ја извести Агенцијата, за нарушувањето на безбедноста на личните податоци, освен ако не постои веројатност нарушувањето на безбедноста на личните податоци да создаде ризик за правата и слободите на физичките лица.

Во текот на 2023 година, до Агенцијата доставени се **20** известувања за нарушување на безбедноста на личните податоци (известувања) од кои: **16** се од контролори од приватниот сектор, а **4** (четири) се од контролори од јавниот сектор. Од доставениот број на известувања може да се заклучи дека кај контролорите сѐ уште е ниска свеста за обврската за доставување на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци.

Постапувајќи по предметите кај кои што е утврдено или постојат сознанија за можно нарушување на безбедноста на личните податоци, во сите случаи е констатирано дека контролорите немаат воспоставено целосен систем за документирање и известување за нарушувања на безбедноста на личните податоци, кој вклучува и соодветна проценка на веројатноста на ризикот за правата и слободите на физичките лица при настанато нарушување.

Имајќи ја предвид констатираната состојба во овие предмети може да се заклучи дека контролорите освен што немаат целосно воспоставен систем за документирање и известување за нарушувањата на безбедноста на личните податоци, генерално не прават разлика помеѓу инцидент и нарушување, разлика помеѓу веројатен ризик за контролорот и веројатен ризик за правата и слободите на субјектот на личните податоци, како и се плашат да достават известување за нарушувањата на безбедноста на личните податоци до Агенцијата, иако тоа претставува нивна законска обврска.

Агенцијата спроведе вонредни супервизии по четири (4) известувања од 2023година и тоа кај три контролори од јавниот сектор и еден контролор од приватниот сектор. Во еден случај покрај контролорот од јавниот сектор предмет на супервизија беше и обработувачот (здружение на граѓани).

### 4.4.9 Годишна програма за вршење супервизија за 2024 година

При подготовка на Годишната програма за вршење супервизија за 2024 година се земаа предвид пред сѐ: областите за кои имаше најголем број на поднесени барања за утврдување на прекршувања на Законот за заштита на личните податоци за 2023 година, поднесените претставки во 2023 година, известувањата за нарушувања на безбедноста на личните податоци, како и обврските кои ги презеде Република Северна Македонија во

Патоказот за владеење на правото при што се опфатени следните области: здравство, финансии, органи на државна власт (државни органи, органи на државната управа, агенции и други тела), социјална заштита, работни односи и трговија.

Преглед на супервизиите дадени се во делот Прилози, како *прилози бр. 9, 10, 11 и 12.*

## 4.5 Усогласување на секторската регулатива

Законите и другите прописи со кои се уредува собирањето, обработката, чувањето, користењето и доставувањето на личните податоци мора да бидат усогласени со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

За таа цел од страна на Агенцијата е донесена и Одлука за утврдување на Методологија за хармонизација на секторската легислатива („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.38/22). Методологијата за хармонизација на секторската легислатива содржи насоки за практична примена на членот 10 став (3) од Законот за заштита на личните податоци. Овие насоки го регулираат постапувањето на министерствата во процесите за хармонизација на секторската легислатива при што е опфатен процесот за проверка на постојните закони, како и процесот на спроведување на Проценка на влијанието на законите од аспект на заштитата на личните податоци, а кои се усогласени со позитивните искуства од практиката во Европската Унија и нејзините земји - членки, како и нејзиното законодавство.

Притоа, како главен фокус на Агенцијата за имплементација на прописите за заштита на личните податоци односно една од приоритетните активности согласно Програмата за работа на Агенцијата за 2023 година беше и промовирање на Методологијата за хармонизација на секторската легислатива во однос на изработување на проценка на влијанието на законите од аспект на заштитата на личните податоци од страна на предлагачите (министерствата) при конципирањето на предлог законите со кои се уредува собирањето, обработката, чувањето, користењето и доставувањето на лични податоци. Во тој контекст, Агенцијата даваше насоки на министерствата на кој начин и како да ја спроведат проценката, односно на кој начин да пристапат кон спроведување на истата за да можат да ги опфатат и разработат прашањата поврзани со обработката на личните податоци, за да потоа врз основа на спроведената проценка да можат да се конципираат во нормативни решенија во соодветните закони.

Исто така, за да може Агенцијата целосно да ги спроведе своите надлежности особено во однос на давање мислења по предлозите на прописите во областа на заштитата на личните податоци, потребно е применување во целост на одредбите од членот 68 став 1 точка 12 и став (3) од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија односно да не се разгледуваат на седница на работните тела и на Владата материјалите кои регулираат прашања од областа на заштита на личните податоци, без претходно обезбедено мислење од страна на Агенцијата, а со цел обезбедување на конзистентност во правниот систем на Република Северна Македонија од аспект на доследно имплементирање односно усогласување со начелата и правилата за заштита на личните податоци предвидени во прописите за заштита на личните податоци.

### 4.5.1 Мислења, консултации, укажувања на органи на државната власт и државни органи

Агенцијата во рамките на своите надлежности утврдени со Законот за заштита на личните податоци, по сопствена иницијатива или по барање дава мислења на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и на другите институции и тела за законодавните и административните мерки за заштитата на правата и слободите на физичките лица во однос на обработката на личните податоци,

односно дава мислења по предлозите на прописите во областа на заштитата на личните податоци.

Во текот на 2023 година, беа дадени **11** мислења на предлог закони, подзаконски акти и други материјали од областа на заштита на личните податоци, односно кои се на било кој начин поврзани со заштитата на личните податоци. Преглед на дадените мислења по предлог-закони, подзаконски акти и други материјали се дадени во делот Прилози, како *прилог бр. 13.*

Органите на државната власт при изработувањето на предлог законите или на подзаконските акти кои се однесуваат на обработката на личните податоци можат и да се консултираат со Агенцијата.

Оттука, од страна на Агенцијата беа дадени **7** консултации (насоки) по предлог закони, подзаконски акти и други материјали со цел органите на државната власт полесно да ги имплементираат начелата за заштита на личните податоци според правилата предвидени во Законот за заштита на личните податоци.

Преглед на предлог-закони, подзаконски акти и други материјали кои беа доставени до Агенцијата на претходна консултација се дадени во делот Прилози, како *прилог бр. 14.*

Имајќи ја предвид потребата од усогласување на прописите со кои се уредува собирањето, обработката, чувањето, користењето и доставувањето на лични податоци со прописите за заштита на личните податоци, а се почеста пракса е органите на државната власт, прашањата поврзани со обработката и заштитата на личните податоци кои треба да ги утврдат во закон, да ги пропишуваат со подзаконски акти и други прописи, Агенцијата во текот на 2023 година даде **13** укажувања до органи на државната власт по однос на прописи и други правни инструменти објавени во Службен весник на Република Северна Македонија.

Преглед на дадените укажувања до органи на државната власт по однос на прописи и други правни инструменти се дадени во делот Прилози, како *прилог бр. 15.*

Останува и понатаму обврската и потребата министерствата да ги идентификуваат релевантните постојни закони што треба да се променат (изменат и дополнат) за да бидат усогласени со одредбите од Законот за заштита на личните податоци односно да направат проверка на постојните закони од аспект на обработката на личните податоци според Методологијата за хармонизација на секторската легислатива.

#### 4.5.2 Известувања, насоки, одговори, укажувања и наредби дадени на контролори односно обработувачи

Дел од задачите на Агенцијата е да ја следи и спроведува примената на Законот за заштита на личните податоци, како и да ја промовира јавната свест и согледувањето на ризиците, правилата, заштитните мерки и правата во однос на обработката на личните податоци, на контролорите односно обработувачите им беа дадени насоки, известувања, одговори, укажувања, предупредувања, наредби и тоа:

- **245** насоки/известувања/одговори се дадени во однос на проценка на влијанието на заштита на личните податоци (начин на подготовка, во кои случаи е задолжителна и што треба да содржи методологијата за спроведување на процесот на оваа проценка); во кои случаи мора, а во кои не мора да биде определен офицер за заштита на личните податоци односно на кој начин да направат анализа за да оценат дали мора да определат офицер за заштита на личните податоци; на кој начин и како да се направи анализа при ангажирање на обработувачи; како треба да биде регулиран односот помеѓу контролорот и обработувачот; уредување на начинот на размена на лични податоци; што се треба да се има предвид и преземе пред да се започне со користење на ново технолошко решение преку кое ќе се врши обработка на лични податоци; давање податоци на користење; обработка на лични податоци врз основа на согласност односно што треба да се има

предвид кога согласноста се користи како основ за обработка и на кој начин треба истата да биде конципирана; начинот на претходно информирање на субјектите на лични податоци односно обезбедување на транспарентни информации во однос на обработката на нивните лични податоци; за обработка на посебни категории на лични податоци, особено биометриски податоци; за начинот на вршење на внатрешна контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура со цел да се провери дали постапките и упатствата содржани во правилата и политиките за безбедност на личните податоци се применуваат и се во согласност со прописите за заштита на личните податоци; како субјектите на лични податоци да ги остварат своите права според прописите за заштита на личните податоци.

- **2** (две) укажувања кои се однесуваа на: објавени правила за наградна игра каде беше потребно истите да се коригираат во однос на категориите на лични податоци кои се неопходни и во функција на исполнување на целта и доуредување на начинот на обезбедување претходни информации поврзани со обработката која се однесува на субјектот на личните податоци на концизен, транспарентен, разбирлив начин и во лесно достапна форма, со користење на јасен едноставен јазик, како и во однос на изјава/согласност за обработка на лични податоци од страна на вработени лица.
- **1 (**едно) предупредување кое се однесуваше при надградба на систем да се изврши проценка на влијанието на предвидените операции на обработката во однос на заштитата на личните податоци согласно одредбите од членот 39 став (1) од Законот за заштита на личните податоци, со цел да се намали (минимизира) веројатноста дека планираните операции на обработка на личните податоци при овој процес би можеле да ги прекршат одредбите на овој закон и истото да се документира за да може да се демонстрира усогласеноста со прописите за заштита на личните податоци (отчетноста) според член 9 став (2) од Законот за заштита на личните податоци.
- **4** (четири) наредби до контролори и тоа: 3 (три) наредби се однесуваа за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг односно бришење на личен податок на субјектот на лични податоци и доставување известување до субјектот за преземените дејствија и активности и 1 (една) наредба за исправка на неточен податок на субјектот на лични податоци.

По однос на дадените наредби и укажувања, контролорите постапија и за преземените дејствија доставија известување со докази до Агенцијата.

### 4.5.3 Постапување по претставки

Вкупниот број на поднесени претставки во 2023 година е **258 .**

- **251** претставки се поднесени од физички лица;
- **7** претставки се поднесени од правни лица;
- **184** претставки се поднесени електронски;
- **74** претставки се поднесени писмено.

Од вкупниот број претставки **91%** се за злоупотреби на социјални мрежи, **9%** за друг вид на претставки од областа на заштита на личните податоци.

Преглед на постапување по претставки и начинот на поднесените претставки се дадени во делот Прилози, како *прилози бр. 16 и 17.*

### 4.5.4 Претставки кои се однесуваат на социјалните мрежи

Претставки кои се однесуваа на социјалните мрежи за 2023 година се **234**.

Според причината за пријавување, најкарактеристични се претставките од физички лица кои се однесуваат на лажни профили, понатаму за пробиени (хакирани) профили**,** претставки кои се однесуваат за неовластено објавување на туѓи фотографии и видео снимки на туѓи профили на социјални медиуми, злоупотребени лични податоци,

злоупотребена е-маил адреса, откривање на сторител, како и претставки кои што се однесуваат за навреда, клевета и уцена преку интернет. **115** претставки се однесуваат за лажни профили, додека пак **8** претставки се однесуваат за пробиени (хакирани) профили.

Од вкупниот број на претставки **10** се однесуваат на повреда на правото на заштита на личните податоци на деца на социјалните мрежи.

Според социјалната мрежа на која се однесуваат претставките, најголемиот број се однесуваат на Фејсбук (Facebook), Инстаграм (Instagram), ТикТок (TikTok) и дополнително одреден број од претставките се однесуваат на Снепчет (Snapchat), Онлифенс (Onlyfans), Јаху (Yahoo) и Гугл (Google).

Преглед на претставките за социјалните мрежи дадени се во делот Прилози, како *прилог бр. 18.*

### 4.5.5 Издавање на одобренија за обработка на лични податоци

Во 2023 година поднесени се 5 (пет) барања за добивање на одобрение од страна на Агенцијата согласно член 84 од Законот за заштита на личните податоци, а кои се однесуваа за обработка на биометриски податоци, потребни за потврда на идентитетот на субјектот на лични податоци.

По однос на поднесените барања донесени се соодветни решенија и тоа: 2 (две) решенија за одобрување на обработка на биометриски податоци, потребни за потврда на идентитетот на субјектот на лични податоци, при што за да се започне со обработката, контролорите беа задолжени да преземат и документираат определени дејствија и активности во однос на безбедноста на обработката на личните податоци и 1 (едно) решение за одбивање на барањето за обработка на биометриски податоци, бидејќи од страна на барателот во Проценката на влијанието на заштитата на личните податоци не беше проценета неопходноста и пропорционалноста на операциите на обработка во однос на целта, а во која проценка треба како критериуми да бидат опфатени мерки предвидени за усогласување со прописите за заштита на личните податоци, односно мерки што придонесуваат за неопходност и пропорционалност од обработката врз основа на: конкретни, јасни и легитимни цели; законитост на обработката; соодветни и релевантни лични податоци и ограничени на она што е потребно и ограничен рок на чување.

По однос на 2 (две) барања, постапката продолжи во 2024 година.

По однос на барањето кое беше поднесено во 2022 година, а постапката продолжи во 2023 година се донесе решение за одбивање на барањето, бидејќи Барателот не презентираше во Проценката законитост на обработката за целта, како и начинот на обезбедување на согласност од субјектот на личните податоци според условите за согласност утврдени во прописите за заштитата на личните податоци.

## 4.6 Слободен пристап до информации од јавен карактер

Во текот на 2023 година до Агенцијата беа поднесени вкупно **5** (пет) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, со што на **4** (четири) беше позитивно одговорено, додека **1** (едно) барање беше отфрлено со образложение дека не е информација од јавен карактер. Против решенија на Агенцијата беа вложени **3** (три) жалби кај Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои едната жалба беше од претходната 2022 година. **2** (две) жалби беа усвоени со одлука од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и Агенцијата постапи по решенијата и го овозможи пристапот до информации. Една **(1)** жалба против Агенцијата беше отфрлена од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер како недопуштена.

Генерално, овие барања се однесуваа на доставување на копија од документација од предмети по супервизии/надзори, барање за број на претставки, обуки, спроведени супервизии и за активности на Агенцијата во 2023 година итн.

### 4.7 Односи со јавноста

Агенцијата ја информира јавноста преку сопствените дигитални канали за сите релевантни информации за својата работа, преку веб-страницата www.azlp.mk и преку профилите на социјалните мрежи Фејсбук (Facebook) и Линкедин (LinkedIn). Веб-страницата на Агенцијата редовно се ажурира со корисни содржини како новости, известувања, соопштенија, совети, водичи, мислења, решенија и препораки преку кои физичките лица, контролорите, обработувачите и офицерите за заштита на личните податоци навремено се упатени во актуелностите и активностите на Агенцијата, како и во сите новини од областа на заштитата на личните податоци.

Во тој контекст, даден е преглед на активностите на Агенцијата за 2023 година, организирани за промовирање и подигнување на јавната свест за заштитата на личните податоци и нејзините учества на настани:

Агенцијата го одбележа *„28 јануари – Европскиот ден за заштита на личните податоци“* т.е. *„Денот на приватноста“* со Делегацијата на Европската Унија, Фондацијата Метаморфозис и Центарот за правни истражувања и анализи преку одржување на Конференција на тема *„Заедно за заштита на личните податоци“* со која беше истакната важноста на заштитата на личните податоци како едно од основните човекови права. Целта на одбележувањето на овој ден е подигнување на јавната свест за правото на заштита на личните податоци и затоа Агенцијата истовремено организираше и Отворен ден за граѓаните кој се одржа во просториите на „Ист Гејт (East Gate)“ во Скопје. На настанот беа поделени информативни материјали на граѓаните за подобро запознавање со нивните права како субјекти на лични податоци.

На 7 февруари 2023 година беше одбележан светскиот *„Ден на безбеден интернет“* со организирање на настан со мото *„Размислете пред да кликнете“* на плоштад Македонија, Скопје. На настанот беа поделени информативни материјали на граѓаните како да се заштитат од најчестите измами на интернет односно од кражба и злоупотреби на нивните лични податоци и им беа дадени одговори на сите прашања на граѓаните поврзани со користење на интернет, а од аспект на заштита на личните податоци.

На 14 февруари 2023 година Агенцијата учествуваше на онлајн работилница на тема вештачка интелигенција (ВИ), предвидена во рамките на ЕУ проектот: *„Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење на инклузивен дигитален екосистем“*, спроведена од здружението на граѓани Конект во партнерство со Фондацијата Метаморфозис.

Во организација на ГО Новинари за човекови права, а во рамки на проектот *„Пилот-проект за систем за рано предупредување за исчезнати лица“* на 4 и 5 април, 2023 година беше организирана дводневна обука за градење на капацитетите на институционалните претставници на која учествуваше Агенцијата како обучувач за заштита на личните податоци и нивното споделување.

На 20 април 2023 година, Агенцијата учествуваше на годишниот ТАЕКС инфо ден, во организација на Секретаријатот за европски прашања и Делегацијата на Европската унија. Цел на настанот е споделување на насоки и помош на релевантните институции, агенции и сектори при аплицирање за користење на ТАЕКС инструментот.

Во периодот од 12-13 април, во Велес, Агенцијата учествуваше на работилница со наслов *„ХИВ статус: Основа за оправдан различен третман или дискриминација“* организирана од страна на Здружението за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ „Заедно посилни“. На работилницата учесниците дискутираа и обработуваа случаи на

дискриминација и повреди на човекови права на лица што живеат со ХИВ, регистрирани од Заедно посилни, како и случаи од Европскиот суд за човекови права.

На 18 мај Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) организираше тркалезна маса на тема: *„Младите и користењето на нивните лични податоци на интернет“*, во рамки на проектот на Владата на Швајцарија *„Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија“* на која учествуваше и Агенцијата, како една од релевантните засегнати страни.

На 21 јули Агенцијата објави на својата веб-страница и на социјалните мрежи информација за вонредната супервизија во Управата за водење на матичните книги спроведена од страна на Агенцијата во Управата за водење на матичните книги, а по поднесена иницијатива од страна на Државната комисија за спречување корупција.

На 11 септември Агенцијата учествуваше на јавна расправа за нацрт – Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија во организација на Кабинетот на заменик на претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење и Фондацијата Метаморфозис.

На 4 октомври Агенцијата беше учесник на јавна расправа за нацрт – Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија во организација на Кабинетот на заменик на претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење и Фондацијата Метаморфозис, која се одржа во Велес.

На 19 октомври во Скопје, Агенцијата беше дел од завршната конференција „Заштита на приватноста во дигиталната ера: во потрага по заеднички решенија“ во рамки на проектот „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење инклузивен дигитален екосистем“ спроведуван од Фондацијата Метаморфозис и здружението Конект. Целта на конференцијата беше да се обединат претставници на исниттуциите, граѓанските организации, бизнисите и т.н. и со нив да се споделат повеќе информации за важноста на приватноста, заштитата на личните податоци и воопшто сите човекови права во дигиталното време во кое живееме.

На 25 октомври Агенцијата учествуваше во меѓусекторската работна група за бизнис и човекови права организирана од здружението Конект, рамките на ЕУ проектот *„Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење на инклузивен екосистем“*.

На 29 ноември, по повод 30-ти ноември, *„Меѓународниот ден за компјутерска безбедност“*, Агенцијата заедно со Фондацијата Метаморфозис официјално ја промовираа едукативната веб-страница од областа на заштита на лични податоци. Промоцијата се одвиваше онлајн преку ЗУМ (ZOOM) платформата каде што физичките лица дознаа повеќе за оваа едукативна алатка и функционалностите што ги содржи истата.

На 12 декември Агенцијата одржа информативна сесија во Клубот на пратеници организирана од страна на Даночната академија. На информативната сесија претставници од Агенцијата ги запознаа учесниците за начелата за заштита на личните податоци, правата на субјектите на лични податоци и безбедноста на обработката на личните податоци.

На 18 декември Агенцијата учествуваше на завршната конференција на проектот *„Пилот-проект за систем за рано предупредување за исчезнати лица“*, организирана од ГО Новинари за човекови права.

### 4.7.1 Соработка со медиумите

Агенцијата и во 2023 година остана транспарентна и отворена за соработка со електронските и печатените медиуми, при што одговори на **27** барања од новинарите за прашања поврзани со заштитата на личните податоци. Најголемиот број од новинарските

прашања се однесуваа на брзи кредити, видео надзор, повреда на правото на заштита на личните податоци на социјалните мрежи, прашања за вештачка интелигенција итн. Исто така, Агенцијата одговори на повиците на телевизиите и веб-платформите за гостување во емисии и давање на интервјуа:

На 7 февруари Агенцијата даде изјава за Македонската информативна агенција – МИА на тема за бројот и видот на претставки кои се доставени до Агенцијата од страна на физичките лица, информации за спроведените супервизии и пријавените нарушувања на безбедноста за кои контролорите имаат обврска да ја известат Агенцијата, доколку постои веројатност нарушувањето да создаде ризик за правата и слободите на физичките лица.

Во март медиумот „А1он.мк" направи видео интервју со Агенцијата за учество на физичките лица во лажни наградни игри и крадење на нивните лични податоци. Интервјуто исто така ја обработуваше и темата издавање на брзи кредити со украдени лични податоци и без согласност на физичките лица.

Во текот на 2023 година Агенцијата ја продолжи успешната соработка со Институтот за комуникациски студии (ИКС) и нивната веб-платформа „Самопрашај.мк". Институтот заедно со Агенцијата снимија серија на одговори на прашања поставени лично од физичките лица во врска со прописите за заштита на личните податоци. Прашањата се однесуваа за повреда на правото на заштита на личните податоци при процесот на земање на брз кредит, како и информации во однос на давање на податоци на користење од страна на финансиските друштва. Одговорите се објавени на нивната веб-страница.

Агенцијата на 29 ноември даде изјава за утринската емисија *„Ја сакам Македонија"* на телевизијата „Сител", на темата пријави од граѓаните за лажни профили на социјалните мрежи.

### 4.7.2 Комуникација со странки

Во 2023 Агенцијата продолжи да дава информации на странки преку телефон, а причина за тоа е големиот интерес и прашања на физичките лица и правните субјекти во врска со прописите за заштита на личните податоци. Исто така, во просториите на Агенцијата редовно се одржуваат консултации со странки, односно со физички лица и со претставници од правните субјекти. Темите за кои беше покажан најголем интерес се однесуваа на: законските прописи за поставување на видеонадзор, обработка на лични податоци на социјалните мрежи, обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг, надлежностите на Агенцијата и во кои случаи можат да се обратат до Агенцијата, итн.

Дадени информации на странки преку телефон – **1.328.**

Одржани консултации со странки во просториите на Агенцијата – **154**.

## 4.8 Известување за обработка на лични податоци со висок ризик

Во текот на 2023 година од страна на контролорите доставени се вкупно **15** известување/ барања во однос на електронската Евиденцијата на збирки на личните податоци со висок ризик, која ја води Агенцијата согласно член 71 став (3) од Законот за заштита на личните податоци, и тоа:

- **9** – Конфирмациски писма за евидентирање во Евиденцијата на збирки на личните податоци со висок ризик;
- **2** – Барања за бришење на контролорите од Евиденцијата на збирки на личните податоци со висок ризик;
- **4** – Барање за ресетирање на параметри за најава во Евиденцијата на збирки на лични податоци со висок ризик.

### 4.9 Офицери за заштита на личните податоци

Во текот на 2023 година од страна на контролорите/обработувачите се доставени вкупно **637** дописи/барања/известувања за определување на офицер за заштита на личните податоци, заради евидентирање во Евиденцијата на офицери за заштита на личните податоци што ја води Агенцијата согласно член 68 став (2) од Законот за заштита на личните податоци и истата се објавува на веб-страницата www.azlp.mk.

Во Евиденцијата на офицери за заштита на личните податоци во 2023 се евидентирани **350** офицери, односно за промена на постојните офицери со нови вкупно **103** барања, а по однос на **57** известувања, Агенцијата до контролорите/обработувачите испрати дополнително известување за законската обврска да достават и контакт податоци за нивниот определен офицер за заштита на личните податоци како и за постоење на судир на интереси кога управител е определен и за офицер за заштита на личните податоци.

А по однос на останатиот дел од дописите/барањата, истите се однесуваа за: промена на офицери, обврска и услови за определување на офицер, односно барање за бришење од евиденцијата на веќе определените офицери, и т.н.

Преглед даден во делот Прилози, како *прилог бр. 19.*

### 4.10 Спроведени обуки

Агенцијата заклучно со декември 2023 година организираше и спроведе **8** обуки за заштита на личните податоци наменети за контролите и обработувачите, преку платформата ЗУМ (Zoom), како и **1** обука во просториите на Министерството за одбрана, со вкупно **196** учесници како претставници на **77** контролори или обработувачи.

Имајќи ги предвид оценките од учесниците на обуките од доставените прашалници за евалуација, како и континуираниот висок интерес за учество на обуките, несомнено може да се констатира дека обуките за заштита на личните податоци кои ги спроведуваат определените лица за обуки од Агенцијата се високо оценети и квалитетни обуки. Ова се должи пред се на фактот што обуките за заштита на лични податоци кои ги спроведува Агенцијата, се спроведуваат од лица кои се професионалци во својата работа, со долгогодишно искуство во материјата за заштита на личните податоци, кои директно постапуваат по предмети од областа на заштитата на личните податоци.

Преглед на спроведените обуки од страна на Агенцијата се дадени во делот Прилози, како *прилог бр. 20.*

### 4.11 Пренос на лични податоци во други држави

Во текот на 2023 година постапено е по вкупно **40** пријави за пренос на лични податоци, кои се однесуваат за пренос на лични податоци во земји членки на Европската унија и Европскиот економски простор и **7** (седум) барања за пренос на лични податоци во трети земји за кои е потребно Агенцијата да даде одобрение согласно одредбите од член 50 став (3) од Законот за заштита на личните податоци.

Воедно, дадени се **19** мислења на контролорите за различни прашања поврзани со преносот на личните податоци и усогласување на потребната документација.

Во однос на збирките на лични податоци кои се обработуваат односно се пренесуваат, од страна на контролорите најчесто се однесуваат на лични податоци на вработени, кандидати за вработување, надворешни соработници, клиенти, добавувачи итн.

Најчести цели поради кои се врши преносот е поддршка на процесите за управување на човечки ресурси на контролори кои се дел од меѓународни групации, одржување на информациски системи, услуги во облак (cloud services), ефективно мониторирање и евалуација на програми и стандарди за квалитет, исполнување на договорни обврски.

Вкупно се одржани **19** координативни состаноци со претставници од контролори при што беа разгледани повеќе прашања кои особено се однесуваа за појаснување на стандардните договорни клаузули за пренос на лични податоци, преземање на технички и организациски мерки при пренос на лични податоци и обезбедување на документација со која се докажува дека се обезбедени соодветни гаранции за заштита на обработката на личните податоци.

*Табеларен приказ во делот Прилози, како прилози бр. 21, 22, 23 и 24.*

## 5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО

Агенцијата и понатаму презема мерки да се поттикне и зголеми употребата на сервисите за електронско поднесување на барања и поднесување на документи за олеснување на пристапот на контролорите и физичките лица, како и користење на нови технологии за спроведување на супервизиите над заштита на личните податоци, согласно Законот за заштита на личните податоци.

Агенцијата и во текот на 2023 година ја промовираше културата за заштита на личните податоци преку својата веб-страница www.azlp.mk која е изработена со поддршка на Европската унија. На веб-страницата достапни се нови содржини преку кои се овозможува полесен пристап до информации, насоки и обрасци наменети за физичките лица и контролорите/обработувачите. Во таа смисла на веб-страницата беа објавени нови водичи и информатори наменети за граѓаните и контролорите: „Водич за известување за нарушување на безбедноста на личните податоци“, „Водич за технички и организациски мерки“, „Сајбер безбедност: Практични совети за граѓаните како да се заштитат од измами на интернет“ и „Како да ги заштитите вашите лични податоци од кражба и злоупотреба?“.

Така, во 2023 година, најголем број од поднесените барања за утврдување на повреда на правото за заштита на личните податоци и вршење на супервизии се поднесени преку веб платформата на нашата веб-страница www.azlp.mk, а континуирано се зголемува и бројот на корисници на посебната веб платформа за размена на информации со контролорите и физичките лица (е-пријави).

Следејќи ја добрата практика од минатата година, Агенцијата продолжи да врши супервизии по електронски пат со користење на софтверски алатки со кои практично целосно го дигитализира своето работење во овој сегмент. Притоа, беа користени софтверски алатки HCL AppScan и Website Evidence Collection без примена на инвазивни методи преку кои се генерираа извештаи кои се составен дел на записниците за овие супервизии.

# 6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 6.1 Соработка со други институции

- На 8 февруари 2023 година Агенцијата одржа состанок со Кабинетот на Владата задолжена за политики за добро владеење, на тема за позитивните и негативните законски аргументи поврзани со "Јавно објавување на вистинските сопственици на фирмите што склучиле договори за јавни набавки на електронскиот систем за е-набавки (ЕСЈН)". Целта на состанокот беше со заеднички заложби да се најде решение со кое ќе се зајакнат антикорупциските мерки кај јавните набавки и ќе се зголеми транспарентноста и отчетноста пред физичките лица, без притоа да се нарушат основните начела за заштита на личните податоци и правото на приватност.
- Агенцијата ја продолжи својата соработка со Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис афирмирајќи ги своите заложби за обезбедување заеднички придонес во промовирањето и унапредување на заштитата на личните податоци на граѓаните. На 10.2.2023 година потпишаа Договор за пренос на едукативна веб-страница која беше развиена во рамки на ЕУ проектот „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење инклузивен дигитален екосистем". Оваа веб-страница ќе содржи различни едукативни и информативни материјали за заштита на личните податоци и ќе им нуди можности и на граѓаните, и на контролорите да го проверат и да го унапредат своето знаење за заштита на личните податоци. По завршувањето на ЕУ проектот, Агенцијата ќе ја преземе веб-страницата https://e-ucilnica.azlp.mk/ и истата ќе ја користи и како платформа за е-обуки за заштита на личните податоци.
- Агенцијата соработуваше со Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје во рамките на третата фаза на заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција" (ХФ III) и проектот „Заштита на слободата на изразување и на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС-СМ)".
- На 2 март Агенцијата присуствуваше на координативен состанок со претставници на Владата задолжена за политики за добро владеење, Инспекцискиот совет, Државниот пазарен инспекторат и Државниот правен инспекторат. На состанокот беше дискутирана неопходноста за поголема транспарентност во работењето на инспекциските служби, со посебен фокус на идејата за објавување на инспекциските акти на веб страниците на инспекторатите, при што целосно да се применуваат прописите за заштита на личните податоци.
- На 19 јули Агенцијата одржаа состанок со заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење. На состанокот беше разгледана нацрт верзијата на Законот за архивски материјал, од аспект на негово усогласување со одредбите од Законот за заштита на лични податоци, особено во делот на воведување на Единствениот архивски информациски систем и заштитата на физичките лица, кои се иматели на јавен документарен материјал.
- На 31 август Агенцијата одржаа состанок со преставници на Инспекциски совет. На состанокот се дискутираше за усогласување на Законот за инспекциски надзор со Законот за заштита на личните податоци.

Водени од потребата за меѓусебна соработка со други институции со цел ефикасно спроведување на своите надлежности утврдени со закон и со тоа потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на соработката во областа на заштитата и обработката на личните податоци на двете страни, Агенцијата во текот на 2023 година потпиша 2 (два) меморандуми со институции и здружение на граѓани. Во март беше потпишан меморандум со Министерството за транспорт и врски кој се однесува за спроведување на обуки за заштита на личните податоци со цел целосно и правилно

спроведување на прописите за заштита на личните податоци. Понатаму, Агенцијата, заедно со Центарот за правни истражувања и анализи, Македонското здружение на млади правници и Академијата за судии и јавни обвинители потпишаа меморандум за соработка за успешна имплементација на проектот *„Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот*“, финансиски поддржан од ЕУ. Проектот има за цел да ги зајакне капацитетите на судството и јавното обвинителство за ефикасна заштита на приватноста на физичките лица, како и другите права и основни слободи засегнати од новите технологии во онлајн просторот во согласност со правото и стандардите на ЕУ.

### 6.2 Меѓународна соработка

*Соработка со органите за заштита на личните податоци од регионот*

Во духот на негување на квалитетна и континуирана соработка помеѓу надзорните тела за заштита на личните податоци на Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија, Словенија и Косово како земји од поранешна Југославија создадена е „Иницијатива 20і7“. Во периодот од 12-14 јуни во Пеќ, Косово, Агенцијата со свои претставници учествуваше на Петтиот состанок на „Иницијатива 20і7“ кој беше во организација на Агенцијата за информации и приватност на Косово, каде се дискутираше за тековните прашања за заштитата на личните податоци. Органите го споделија сопственото искуство и гледишта на теми како видео надзор, хармонизација на секторската легислатива со прописите за заштита на личните податоци, известувања за нарушувања на безбедноста на личните податоци, проценка на влијанието врз заштитата на личните податоци, офицерите за заштитат на личните податоци, меѓународен пренос на личните податоци, сертификација и споделуваа искуства за притисоците од заканите на основните права и слободи на граѓаните за време на КОВИД пандемијата.

Агенцијата продолжи успешно да соработува со хрватската Агенција за заштита на личните податоци (АЗОП), која на 22 и 25 мај 2023 година организираше две онлајн работилници за вработените на Агенцијата. Работилниците беа на тема: „Методологија за спроведување на супервизија“ и „Проценка на влијанието на заштитата на личните податоци“.

Во периодот од 4-6 декември 2023 година, во Скопје, Агенцијата учествуваше на Регионалната работилница за усогласеност со Општата регулатива за заштита на личните податоци (GDPR) во Западен Балкан, во организација на ГИЗ (Германско друштво за меѓународна соработка). На дводневната работилница учествуваа органите за заштита на личните податоци од шест земји на Западен Балкан, Северна Македонија, Албанија, Србија, Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина и експерти од Хрватска каде ги споделија искуствата и најдобрите пракси како би им се помогнало кон нивната ЕУ интеграција. Претставници од органите за заштита на личните податоци дискутираа за имплементација на Општата регулатива за заштита на личните податоци преку примери од праксата и дадоа увид во предизвиците и предностите при хармонизирање со Регулативата. Исто така, се расправаше за пренос на личните податоци, заштита на посебните категории на личните податоци како и мерките кои треба да се преземат како би се намалил ризикот од нарушување на безбедноста на личните податоци.

Консултативен комитет на Конвенцијата 108 на Советот на Европа

Како и секоја година, Агенцијата учествуваше на 45-та пленарна седница на Консултативниот комитет на Конвенцијата 108 (Т-ПД), 15-17 ноември 2023 година, Стразбур, Франција, во организација на Советот на Европа. Главни теми беа усвојување на вториот модул од Моделните договорни клаузули за пренос на лични податоци од контролорот до обработувачот и се дискутираше за изготвување на упатства за заштита на поединци во однос на обработката на личните податоци за целите на регистрација и автентикација на

гласачите. Исто така, се одлучи Т-ПД да започне да работи на заштита на податоците во контекст на невронауките како следна тема со која што ќе се занимава според нејзината работна програма 2022-2025 година.

### 6.3 Учество на Агенцијата на меѓународни настани, конференции и состаноци поврзани со заштитата на личните податоци

- Агенцијата има статус на набљудувач на работата на Европскиот одбор за заштита на личните податоци (ЕОЗЛП) кој е независно тело за соработка помеѓу надзорните тела за заштита на личните податоци на земјите членки на Европската Унија и Европскиот економски простор кое донесува мислења, водичи, препораки за унифицирана примена на новата Општата регулатива за заштита на личните податоци на ЕУ и создавање на најдобри практики за нејзина примена. Оттука, следењето на работата на ова тело е од исклучителна важност за Агенцијата, поради што на 14 и 15 февруари, 2023 година Агенцијата учествуваше на 75та пленарна седница на Европскиот одбор за заштита на личните податоци. На оваа седница се дискутираше за собирање на информации во врска со прекугранични истраги во голем размер, постапката за усвојување на мислењата на ЕОЗЛП во однос на националните критериуми за сертификација и европските печати за заштита на лични податоци и др.
- Во февруари 2023 година делегација на Обединетото Кралство и Агенцијата дискутираа за имплементацијата на прописите за заштита на личните податоци од страна на државните институции кои имаат ингеренции во водењето на казнени евиденции, а со посебен акцент на Министерството за внатрешни работи во однос на примената на Законот за полиција во делот на обработката на личните податоци. Темата на работната средба беше Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи на Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во врска со споделување на информации за криминални досиеја за државјани на Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска од аспект на заштитата на личните податоци.
- Агенцијата учествуваше на 31-та Пролетна конференција на европските надзорни органи за заштита на личните податоци, која што се одржа во Будимпешта, Унгарија од 10 до 12 мај 2023 година во организација на Унгарскиот национален орган за заштита на личните податоци и слобода на информациите. На конференцијата се дебатираше за поголем број актуелни прашања: влијанието на новите технологии врз правата на приватност и заштитата на личните податоците, интеракцијата помеѓу законот за заштита на личните податоците и законот за конкуренција, се разгледа прашањето за продлабочување на соработката меѓу органите за заштита на личните податоци од ЕЕО и другите земји и др.
- Годишната конференција за дигитални права на БИРН Балканска мрежа за истражувачко известување се одржа од 5 до 6 декември, 2023 година, во Сараево. Агенцијата заедно со разни експерти од регионот разговараа за предизвиците на дигиталните права во нашиот сè повеќе поврзан свет, фокусирајќи се на Балканот и Југоисточна Европа.

### 6.4 Проекти и странска помош

- Агенцијата од 16 октомври 2023 година започна со подготовка на предлог Стратегија за заштита на личните податоци 2024-2030 година. За работка на предлог Стратегијата, Агенцијата обезбеди експертска помош од Европската Комисија со инструментот ТАЕКС, преку кој е планирано да се организираат серија од настани што ќе овозможат да се постави нова визија за еволуцијата на Законот за заштита на личните податоци, практика

и култура за заштита на личните податоци. Стратегијата е клучен документ за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија и претставува инструмент кој ќе ја опишува состојбата на системот за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија и ќе предвидува целосен и модернизиран пристап кон заштитата на ова човеково право. Од страна на Агенцијата беа побарани 5 настани кои вклучуваат експертска помош, работилници и завршна конференција кои ќе се организираат на крајот на 2023 и во текот на 2024 година.

Првиот настан беше организиран во период од 16 до 20 октомври 2023 година, во кој експерти од Словенија и Финска, заедно со Агенцијата, одржаа консултации со претставници од јавниот и приватниот сектор, како и здруженија на граѓани. На овој настан засегнатите страни го дадоа својот придонес во изработката на предлог стратегијата и како резултат на тоа, експертите ќе и помагаат и ќе ја советуваат Агенцијата во изготвувањето на новата стратегија. Агенцијата понатаму објави јавен повик на својата веб-страница до сите засегнати страни, односно претставници на контролорите од јавниот и приватниот сектор, обработувачите, здруженијата на граѓаните, предлагачите на закони и физичките лица активно да се вклучат во овој процес.

- Во рамки на проектот "*Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот*" финансиски поддржан од ЕУ, Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА), Академијата за судии и јавни обвинители, Агенцијата за заштита на лични податоци, Македонското здружение на млади правници потпишаа меморандум за соработка за успешна имплементација на проектот. Со меморандумот се предвидува зајакнување на соработката помеѓу страните во интерес на постигнување на целите на проектот, кој ќе биде реализирана преку размена на информации, учество во проектните иницијативи и поддршка при имплементација на проектните активности. За таа цел ЦПИА во соработка со Агенцијата од 31 Октомври до 2 Ноември 2023 учествуваа во ТАЕКС (TAEIX) експертска мисија за изработка на „*Водич за заштита на човековите права и правото на приватност во дигиталниот простор за практична употреба на судии, јавни обвинители и адвокати во согласност со праксата и стандардите на ЕУ за заштита на правото на приватност*".

## 7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

### 7.1 Реализација на буџетот за 2023 година – СМЕТКА тип 637

Буџетот на Агенцијата (со ребаланс и одобрени пренамени) за 2023 година на сметката 637 изнесува 17.305.000,00 денари.

Од вкупниот буџет на Агенцијата за 2023 година во износ од 17.305.000,00 денари, реализирани се 94,03%, односно 16.271.543,00 денари. Во однос на реализацијата на Буџетот со сите одобрени пренамени на средства во текот на 2023 година 12.846.770,00 денари или 78,95% од средствата се однесуваат на реализација на плати и надоместоци, 3.214.745,00 денари или 19,76% од средствата се однесуваат на стоки и услуги, 93.252,00 денари или 0,57% се однесуваат на ставката разни трансфери, 48.354,00 денари на купување опрема и машини или 0,30% и 68.422,00 денари за вложувања и нефинансиски средства, или 0,42%.

Согласно прегледот на реализација на финансиските средства за 2023 година во споредба со одобрениот буџет за 2023 година видно е дека нивото на реализација на вкупниот буџет е 94,03%, што претставува висок процент на реализација на истите, како и реално планирање на буџетот за 2023 година.

Од дадените податоци е видно дека одобрениот буџет на Агенцијата за 2023 година е за 315.000,00 денари поголем во споредба со 2022 година, што се должи на зголемување на платите во март 2023 година по основ на зголемување на минималната плата и 10% зголемување во септември 2023 година согласно Колективниот договор за вработените во јавниот сектор.

### 7.2 Реализација на буџетот за 2023 година – СМЕТКА тип 631

Буџетот на Агенцијата за 2023 година на сметката 631 е планиран на 3.500.000,00 денари. Агенцијата по основ на обуки за заштита на лични податоци за заинтересирани обработувачи и контролори на лични податоци во текот на 2023 година оствари приход од 1.003.000,00 денари.

Од вкупниот одобрен буџет на проектирани приходи на Агенцијата за 2023 година во износ од 3.500.000,00 денари, реализирани се 2,68% односно 93.932,00 денари.

Во однос на структурата на реализираните средства 69,75% од средствата се однесуваат на ставката стоки и услуги (материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување за потребите на Агенцијата), а 30,25% за купување на опрема и машини.

*Прегледите за буџетот и финансиското работење се дадени во делот Прилози, како прилози бр. 25, 26, 27, 27-а, 28, 28-а, 29, 30, 31 и 32.*

# 8. ЗАКЛУЧОЦИ

Годишниот извештај дава слика за реализираните активности со спроведувањето на прописите за заштита на личните податоци во практиката, преглед на извршените супервизии согласно законските надлежности, согледување на состојбите во Република Северна Македонија кои се однесуваат на заштитата на личните податоци, како и дадените мислења и укажувања.

Предизвик за Агенцијата останува недостатокот на обучен и стручен кадар кој располага со знаења од областа на заштитата на личните податоци и посебно експерти од областа на информатичките науки кои се клучни за имплементација на легислативата за заштита на личните податоци.

Агенцијата во наредниот период ќе продолжи со активности за зајакнување на својот независен и самостоен статус, особено во областа на управувањето со човечки ресурси и во обезбедувањето на независни буџетски средства, преку создавање на соодветна регулаторна рамка.

Во тој контекст, Агенцијата ќе продолжи со активности за донесување на подготвениот Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци во 2024 година, со кој ќе се обезбеди Агенцијата да ги има неопходните ресурси за ефективно извршување на нејзините функции и овластувања, со цел обезбедување на самостојно, независно и непристрасно функционирање како што е предвидено и во Општата регулатива за заштита на податоци.

## 9. ПРЕПОРАКИ

Во периодот од донесувањето на Законот за заштита на личните податоци Агенцијата успеа да постигне прогрес во однос на примената на одредбите од новата правна рамка за заштита на личните податоци. Сепак, според Оценската мисија за независни и регулаторни тела во Северна Македонија на Европската комисија и Патоказот за владеење на правото, Агенцијата ги доби следните препораки:

- Прекршочните одредби од Законот за заштита на личните податоци треба строго да се спроведуваат. Агенцијата да биде строга и да поведува прекршочни постапки против контролорите/обработувачите на личните податоци и против одговорните физички лица.
- Да се усвои Стратегија за заштита на личните податоци со придружен Акциски план.
- Да се зајакнат и систематски да се спроведуваат едукативни активности и активности за подигнување на свеста на Агенцијата.
- Да се зајакне соработката со различни засегнати страни (општата јавност, граѓанското општество вклучувајќи ги невладините организации, јавните институции) со цел да се зголеми достапноста и свеста на систематски начин.
- Да се спроведат активности за подобрување на јавната перцепција и видливоста на Агенцијата.

Препораките на Оценската мисија се однесуваат и кон државните органи и агенции:

- Законот за заштита на личните податоци да се измени и дополнително да се елаборира со цел да се олесни неговата имплементација во пракса. По ова треба да следи навремен процес на усогласување на сите други закони кои содржат одредби за обработка на личните податоци.
- Полициската директива веднаш да се транспонира во националното законодавство.
- Да се гарантираат доволно средства за ефективно извршување на задачите и овластувањата на Агенцијата и нејзината независност во трошењето на доделените средства во согласност со нејзините задачи и овластувања.
- Институционалните капацитети на Агенцијата да се прилагодат на бројот предвиден во систематизацијата и на нејзините задачи и овластувања. Да се обезбедат доволно финансиски средства за да се поддржи тоа. Приоритетно треба да се зголеми бројот на вработени кои поседуваат ИТ експертиза и знаење.
- Институциите и организациите да се консултираат со Агенцијата кога подготвуваат различни проекти или закони кои вклучуваат обработка на лични податоци и да ги следат нивните насоки.
- Позицијата и улогата на офицерите за заштита на личните податоци да се подобри и усогласи со законската регулатива.

Општите препораки се однесуваа на тоа дека:

- Треба да се воведат сеопфатни кампањи/иницијативи за политики кои водат кон подобрување на нивото на транспарентност на национално ниво.
- Треба да се спроведат активности за подигнување на свеста за да се едуцира населението за нивните права во областа на заштитата на личните податоци.

Во насока на следење на овие препораки и имплементација на правната рамка во областа на заштитата на личните податоци главен фокус на Агенцијата во претстојниот период ќе бидат следните активности:

- Подготовка и донесување на Стратегија за заштита на личните податоци 2024-2030;
- Донесување и објавување на нов Правилник за безбедност на обработката на личните податоци;
- Подготовка на Комуникациска стратегија 2024-2030;

- Промовирање на Методологијата за хармонизација на секторската легислатива во однос на изработување на проценка на влијанието на законите од аспект на заштитата на личните податоци од страна на предлагачите (министерствата) при концидирањето на предлог законите со кои се уредува собирањето, обработката, чувањето, користењето и доставувањето на лични податоци;
- Јакнење на позицијата на офицерите за заштита на личните податоци;
- Донесување и објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на супервизија;
- Донесување и објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци;
- Донесување и објавување на подзаконски акти кои се однесуваат на преносот на лични податоци.

## 10. ПРИЛОЗИ

*Прилог бр. 1: Органограм на Агенцијата заклучно со 31.12.2023 година*



*Прилог бр. 2: Правична застапеност на вработените*

| Припадност на заедница | Ж | М | ВК. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Албанци | 3 | 5 | **8** | **40,00%** |
| Власи | 0 | 1 | **1** | **5,00%** |
| Македонци | 7 | 4 | **11** | **55,00%** |
| **Вкупно:** | **10** | **10** | **20** | **100,00%** |

*Прилог бр. 3: Полова структура на вработените*

| Припадност на заедница | А | В | М | ВК. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Жени | 3 | 0 | 7 | **10** | **50,00%** |
| Мажи | 5 | 1 | 4 | **10** | **50,00%** |
| **Вкупно:** | **8** | **1** | **11** | **20** | **100,00%** |

*Прилог бр. 4: Старосна структура на вработените*

| Возраст | Жени | | | | Мажи | | | | ВК. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| 18-25 | | | | **0** | | | | **0** | **0** | **0,00%** |
| 26-30 | | | | **0** | | | | **0** | **0** | **0,00%** |
| 31-35 | 2 | | | **2** | | | 1 | **1** | **3** | **15,00%** |
| 36-40 | | | 2 | **2** | 1 | | 1 | **2** | **4** | **20,00%** |
| 41-45 | 1 | | 2 | **3** | 1 | | | **1** | **4** | **20,00%** |
| 46-50 | | | | **0** | 2 | | | **2** | **2** | **10,00%** |
| 51-55 | | | 2 | **2** | 1 | 1 | | **2** | **4** | **20,00%** |
| 56-60 | | | 1 | **1** | | | 1 | **1** | **2** | **10,00%** |
| 61+ | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | **5,00%** |
| **Вкупно:** | **3** | **0** | **7** | **10** | **5** | **1** | **4** | **10** | **20** | **100,00%** |

*Прилог бр. 5: Структура според степен на образование*

| Степен на образование | Жени | | | | Мажи | | | | ВК. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| ВСС | 3 | | 6 | **9** | 3 | 1 | 3 | **7** | **16** | **80,00%** |
| ССС | | | 1 | **1** | 2 | | | **2** | **3** | **15,00%** |
| ОУ | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | **5,00%** |
| **Вкупно:** | **3** | **0** | **7** | **10** | **5** | **1** | **4** | **10** | **20** | **100,00%** |

*Прилог бр. 6: Структура според вид на образование*

| Вид на образование | Жени | | | | Мажи | | | | ВК. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| д-р | | | | **0** | | | | **0** | **0** | **0,00%** |
| м-р | 1 | | 1 | **2** | 1 | | 1 | **2** | **4** | **20,00%** |
| VII/1 или VI A | 1 | | 5 | **6** | 2 | 1 | 2 | **5** | **11** | **55,00%** |
| VI B | 1 | | | **1** | | | | **0** | **1** | **5,00%** |
| ССС | | | 1 | **1** | 2 | | | **2** | **3** | **15,00%** |
| ОУ | | | | **0** | | | 1 | **1** | **1** | **5,00%** |
| **Вкупно:** | **3** | **0** | **7** | **10** | **5** | **1** | **4** | **10** | **20** | **100,00%** |

***Прилог бр. 7: Структура според звања на административни службеници и именувани/избрани лица***

| Категорија | Жени | | | | Мажи | | | | ВК. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| Директор | | | | 0 | 1 | | | 1 | 1 | 5,00% |
| Заменик директор | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Генерален секретар | 1 | | | 1 | | | | 0 | 1 | 5,00% |
| Државен советник | | | | 0 | | 1 | | 1 | 1 | 5,00% |
| Раководител на сектор | | | 1 | 1 | | | 1 | 1 | 2 | 10,00% |
| Пом. раководител на сектор | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Раководител на одделение | | | 3 | 3 | | | | 0 | 3 | 15,00% |
| Советник | | | 2 | 2 | 2 | | 2 | 4 | 6 | 30,00% |
| Виш соработник | 1 | | | 1 | | | | 0 | 1 | 5,00% |
| Соработник | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Помлад соработник | 1 | | | 1 | | | | 0 | 1 | 5,00% |
| Самостоен референт | | | | 0 | 1 | | | 1 | 1 | 5,00% |
| Виш референт | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Референт | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Помлад референт | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Домаќин | | | 1 | 1 | | | | 0 | 1 | 5,00% |
| Помошно-техничко лице (возач) | | | | 0 | 1 | | | 1 | 1 | 5,00% |
| Хигиеничар | | | | 0 | | | 1 | 1 | 1 | 5,00% |
| **Вкупно:** | 4 | 0 | 6 | 10 | 5 | 1 | 4 | 10 | 20 | 100,00% |

***Прилог бр. 8: Структура по категории на звања и именувани/избрани лица***

| Звање | Жени | | | | Мажи | | | | ВК. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| Директор | | | | 0 | 1 | | | 1 | 1 | 5,00% |
| Заменик директор | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Раководни | 1 | | 4 | 5 | | 1 | 1 | 2 | 7 | 35,00% |
| Стручни | 2 | | 2 | 4 | 2 | | 2 | 4 | 8 | 40,00% |
| Помошно-стручни | | | | 0 | 1 | | | 1 | 1 | 5,00% |
| Помошно-технички | | | 1 | 1 | 1 | | 1 | 2 | 3 | 15,00% |
| **Вкупно:** | 3 | 0 | 7 | 10 | 5 | 1 | 4 | 10 | 20 | 100,00% |

***Прилог бр. 9: Супервизии***

| Супервизии | Постапено | Вкупно супервизии |
|---|---|---|
| Редовни супервизии | 27 | 27 |
| Вонредни супервизии | 210 | 210 |
| **Вкупно:** | 237 | 237 |

***Прилог бр. 10: Редовни, вонредни и контролни супервизии по сектори***

| Супервизии | Вкупно |
|---|---|
| Јавен сектор: | 34 |
| Приватен сектор: | 195 |
| Физичко лице: | 8 |
| **Вкупно:** | 237 |

*Прилог бр. 11: Спроведени супервизии по област*

| Област | Редовни | Вонредни | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Финансии | 0 | 18 | 18 |
| Електронски комуникации | 6 | 6 | 12 |
| Градежништво | 0 | 1 | 1 |
| Домување | 0 | 14 | 14 |
| Државни органи | 0 | 4 | 4 |
| Енергетика | 0 | 4 | 4 |
| Здравство | 0 | 3 | 3 |
| Здруженија на граѓани | 0 | 3 | 3 |
| Индустрија | 0 | 1 | 1 |
| Локална самоуправа | 21 | 2 | 23 |
| Лотарија и игри на среќа | 0 | 4 | 4 |
| Образование | 0 | 4 | 4 |
| Органи за спроведување на закон | 0 | 1 | 1 |
| Пошти | 0 | 1 | 1 |
| Правосудство | 0 | 1 | 1 |
| Трговија | 0 | 112 | 112 |
| Туризам и угостителство | 0 | 29 | 29 |
| Култура и забава | 0 | 2 | 2 |
| **Вкупно:** | **27** | **210** | **237** |

*Прилог бр. 12: Вонредни супервизии според начинот како се поведени*

| | |
|---|---|
| Барања од граѓани | 36 |
| Иницијативи | 19 |
| Службена должност | 155 |
| **Вкупно:** | **210** |

*Прилог бр. 13: Листа на предлог-закони, подзаконски акти и други материјали за кои е дадено мислење*

| *** | |
|---|---|
| 1. | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица – Министерство за економија |
| 2. | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита – Министерство за труд и социјална политика |
| 3. | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење – Министерство за финансии |
| 4. | Предлог на Закон за ревизија – Министерство за финансии |
| 5. | Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето – Министерство за внатрешни работи |
| 6. | Предлог на Закон за попис на земјоделството во Република Северна Македонија, 2024 година – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| 7. | Предлог Закон за проспект и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност – Министерство за финансии |
| 8. | Предлог Закон за финансиски инструменти – Министерство за финансии |
| 9. | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за Централниот регистар – Министерство за финансии |
| 10. | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на |

| | |
|---|---|
| | водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата – Министерство за внатрешни работи |
| 11. | Информација за Кодекс за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |

***Прилог бр. 14: Листа на предлог-закони кои беа доставени до Агенцијата на претходна консултација***

| *** | |
|---|---|
| 1. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи – Управата за јавни приходи |
| 2. | Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита – Министерство за труд и социјална политика |
| 3. | Правила за работа на Македонскиот интербанкарски платен систем – Народна банка на Република Северна Македонија |
| 4. | Одлука за менувачките работи – Народна банка на Република Северна Македонија |
| 5. | Одлука за издавање дозволи и согласности на оператор на платен систем и за содржина и начин на водење на регистар на оператори на платни системи – Народна банка на Република Северна Македонија |
| 6. | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи – Министерство за финансии |
| 7. | Закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем – Министерство за економија |

***Прилог бр. 15: Листа на дадени укажувања до органи на државната власт по однос на прописи и други правни инструменти***

| *** | |
|---|---|
| 1. | Правилник за начинот за поднесување барање, како и формата и содржината на барањето за добивање или обновување на одобрението за ставање во промет на адитиви за храна за животни – Агенција за храна и ветеринарство |
| 2. | Правилник за начинот и постапката за регистрација на правни лица кои вршат увоз на храна за животни, како и формата и содржината на регистарот на увозници на храна за животни – Агенција за храна и ветеринарство |
| 3. | Правилник за изменување на Правилникот за барањата што треба да се исполнат од страна на субјектите за добивање на дозвола за управување со отпад, формата и содржината на образецот на барањето за добивање на дозвола за управување со отпад и начинот на доставување на барањето, како и формата и содржината на образецот на дозволата за вршење на дејност за управување со отпад – Министерство за животна средина и просторно планирање |
| 4. | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за поблиските услови за запишување во евиденцијата на локалната акциона група, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| 5. | Правилникот за формата и содржината на пријавата за производство на афион, книгата за евиденција, договорот за производство, како и поблиските критериуми за производство на афион и откуп на афион за производство на опојни дроги и психотропни супстанции – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| 6. | Правилник за формата и содржината на решението по извршен инспекциски надзор – Министерство за информатичко општество и администрација |
| 7. | Правилник за формата и содржината на барањето за полагање на испит за стекнување на статус на сметководител и барањето за полагање на испит за стекнување на статус на овластен сметководител, како и формата и содржината на уверението за сметководител и уверението за овластен сметководител – Министерство за финансии |
| 8. | Правилник за формата и содржината на барањето за упис во регистарот на сметководители и барањето за упис во регистарот на овластени сметководители, како и формата и |

| | |
|---|---|
| | содржината на потврдата за стекнато искуство во вршење на сметководствени работи – Министерство за финансии |
| 9. | Правилник за формата и содржината на записникот за извршена финансиска инспекција, формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција не доставиле забелешки во хартиена форма, формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција навремено доставиле забелешки во хартиена форма, но истите не се прифатени од финансискиот инспектор и формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција доставиле забелешки во хартиена форма со нови факти и материјални докази кои се од влијание за промена на фактичката состојба утврдена во записникот и истите се прифатени од финансискиот инспектор – Министерство за финансии |
| 10. | Правилник за функционалната проценка – Министерство за труд и социјална политика |
| 11. | Правилник за формата и содржината на образецот за податоци на избрани и именувани лица – Државна комисија за спречување на корупцијата |
| 12. | Правилник за содржината, формата и начинот на водење на Регистарот на избрани и именувани лица – Државна комисија за спречување на корупцијата |
| 13. | Правилник за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија – Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија |

*Прилог бр. 16: Постапување по претставки*

| Постапување по претставки | Вкупно |
|---|---|
| Физички лица | 251 |
| Правни лица | 7 |
| **Вкупно:** | **258** |

*Прилог бр. 17: Начин на поднесени претставки*

| Начин на поднесени претставки | Вкупно |
|---|---|
| Електронски | 184 |
| Писмено | 74 |
| **Вкупно:** | **258** |

*Прилог бр. 18: Претставки по вид на социјални мрежи*

| Претставки по вид на социјални мрежи | Вкупно |
|---|---|
| Лажен профил | 115 |
| Пробиен (хакиран профил) | 87 |
| Повреда на правото на заштита на личните податоци на деца | 10 |
| **Вкупно:** | **212** |

*Прилог бр. 19: Пријава на нови офицери за заштита на личните податоци по години*




*Прилог бр. 20: Преглед на спроведени обуки од страна на Агенцијата*

| Спроведени обуки од страна на Агенцијата | Број на обуки | Учесници |
|---|---|---|
| Обука: онлајн преку платформата ЗУМ (Zoom) | 8 | 177 |
| Обука: во простории на Министерството за одбрана | 1 | 19 |
| **Вкупно:** | **9** | **196** |

*Прилог бр. 21: Дадени мислења/препораки во врска со пренос на лични податоци во други држави*

| Дадени мислења/препораки | Сектор | Вкупно |
|---|---|---|
| Известувања, Мислења во однос на документацијата и општи прашања во врска со пренос на личните податоци во трети земји | Правосудство, банкарство, осигурување, образование, телекомуникации и производство | **15** |
| **Вкупно:** | | **15** |

*Прилог бр. 22: Пријави за пренос на лични податоци во ЕУ и Европскиот економски простор*

| Сектор | Земја | Број на пријави |
|---|---|---|
| Банкарство | Бугарија<br>Франција<br>Германија<br>Словенија<br>Австрија<br>Холандија | 4<br>1<br>2<br>4<br>1<br>1 |
| Работни односи | Германија | 1 |
| Правни работи | Германија | 1 |
| Образование | Германија | 2 |
| Трговија | Грција | 2 |
| Производство | Белгија<br>Ирска<br>Германија | 1<br>1<br>3 |
| Осигурување | Австрија<br>Чешка | 1<br>1 |

| | | |
|---|---|---|
| Маркетинг | Бугарија<br>Германија<br>Луксембург | 1<br>3<br>1 |
| Здравство | Латвија | 1 |
| Информатичка технологија | Ирска<br>Хрватска<br>Норвешка<br>Германија | 1<br>3<br>2<br>2 |
| **Вкупно:** | | **40** |

*Прилог бр. 23: Примени барања за одобрение за пренос во трети земји*

| Сектор | Земја | Одобрени | Одбиени | Запрена постапка | Се отфрла | Во тек |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Банкарство | Босна и Херцеговина | 1 | / | | | / |
| Производство | САД | | / | 1 | | |
| Образование | САД | | | | | 1 |
| Маркетинг | Грузија | 1 | | | | |
| Информатичка технологија | Косово | 1 | | | | |
| Трговија | САД<br>Србија | 1 | / | | | 1 |
| **Вкупно:** | | **4** | | **1** | | **2** |

*Прилог бр. 24: Мислења, прашања и известувања за пренос на лични податоци*

| Мислења, прашања, известувања | Сектор | Број на мислења |
|---|---|---|
| Известувања, мислења во однос на документацијата и општи прашања во врска со пренос на личните податоци во трети земји | Правосудство, банкарство, осигурување, образование, маркетинг,телекомуникации и производство | 19 |
| **Вкупно:** | | **19** |

*Прилог бр. 25: Буџет и трошоци за 2023*

| Опис | Износ/денари |
|---|---|
| Вкупен буџет за 2022 година | 17.305.000,00 |
| Остварени вкупни трошоци | 16.271.534,00 |

*Прилог бр. 26: Структура на одобрениот буџет за 2023*




*Прилог бр. 27: Компаративна табела на одобрениот буџет за 2023 со одобрениот буџет за 2022*

| Ставка | Буџет 2022 | Буџет 2023 |
|---|---|---|
| 401-Основни плати | 9.024.000,00 | 9.264.000,00 |
| 402-Придонеси за социјално осигурување | 3.496.000,00 | 3.596.000,00 |
| 404-Надоместоци | 200.000,00 | 190.000,00 |
| 420-Патни и дневни расходи | 350.000,00 | 400.000,00 |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.100.751,00 | 1.974.000,00 |
| 423-Материјали и ситен инвентар | 300.000,00 | 400.000,00 |
| 424-Поправки и тековно одржување | 400.000,00 | 400.000,00 |
| 425-Договорни услуги | 250.000,00 | 436.000,00 |
| 426-Други тековни расходи | 300.000,00 | 300.000,00 |
| 464-разни трансфери | 330.000,00 | 165.000,00 |
| 465-исплата по извршни исправи | 0,00 | 0,00 |
| 480-Купување на опрема и машини | 139.249,00 | 100.000,00 |
| 485-Вложувања и нефинансиски средства | 100.000,00 | 80.000,00 |
| **Вкупно:** | **16.990.000,00** | **17.305.000,00** |

*Прилог бр. 27-а: Графички приказ*




Од дадените податоци видно е дека одобрениот буџет на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2023 година е за 315.000,00 денари поголем во споредба со 2022 година, што се должи на зголемување на платите во март 2023 година по основ на зголемување на минималната плата и 10% зголемување во септември 2023 година согласно Колективниот договор за вработените во јавниот сектор.

***Прилог бр. 28: Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2023 година***

| Ставка | Буџет 2022 | Реализација |
|---|---:|---:|
| 401-Основни плати | 9.264.000,00 | 9.107.655,00 |
| 402-Придонеси за социјално осигурување | 3.596.000,00 | 3.549.115,00 |
| 404-Надоместоци | 190.000,00 | 190.000,00 |
| 420-Патни и дневни расходи | 400.000,00 | 306.533,00 |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.974.000,00 | 1.765.715,00 |
| 423-Материјали и ситен инвентар | 400.000,00 | 306.370,00 |
| 424-Поправки и тековно одржување | 400.000,00 | 400.000,00 |
| 425-Договорни услуги | 436.000,00 | 236.753,00 |
| 426-Други тековни расходи | 300.000,00 | 199.374,00 |
| 464-разни трансфери | 165.000,00 | 93.252,00 |
| 480-Купување на опрема и машини | 100.000,00 | 48.354,00 |
| 485-Вложувања и нефинансиски средства | 80.000,00 | 68.422,00 |
| **Вкупно:** | **17.305.000,00** | **16.271.543,00** |

***Прилог бр. 28-а: Графички приказ***




Согласно прегледот на реализација на финансиските средства за 2023 година во споредба со одобрениот буџет за 2023 година е видно дека нивото на реализација на вкупниот буџет е 94,03%, што претставува висок процент на реализација на истите, како и реално планирање на буџетот за 2023 година.

Буџетот на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2023 година на сметката 631 е планиран на 3.500.000,00 денари.

***Прилог бр. 29: Реализација на буџетот за 2023 година – СМЕТКА тип 631***

| Опис | Денари |
|---|---:|
| Вкупен одобрен Буџет за 2023 година | **3.500.000,00** |
| Остварени вкупни трошоци | **93.932,00** |

Агенцијата за заштита на личните податоци по основ на обуки за заштита на лични податоци за заинтересирани обработувачи и контролори на лични податоци во текот на 2023 година оствари приход од 1.003.000,00 денари.

***Прилог бр. 30: Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2023 година***

| Ставка | Буџет 2023 | Реализација |
|---|---:|---:|
| 420-Патни и дневни расходи | 656.000,00 | 301.762,00 |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.069.650,00 | 32.135,00 |
| 423-Материјали и ситен инвентар | 80.000,00 | 22.233,00 |
| 424-Поправки и тековно одржување | 240.000,00 | 0,00 |
| 425-Договорни услуги | 320.000,00 | 5.000,00 |
| 426-Други тековни расходи | 320.000,00 | 11.717,00 |
| 480-Купување на опрема и машини | 1.095.350,00 | 1.035.460,00 |
| 485-Вложувања и нефинансиски средства | 600.000,00 | 0,00 |
| **Вкупно:** | **4.381.000,00** | **1.408.307,00** |

*Прилог бр. 31: Одобрен буџет на проектирани приходи за 2023 година*




Од вкупниот одобрен буџет на проектирани приходи на Агенцијата за 2023 година во износ од 3.500.000,00 денари, реализирани се 2,68% односно 93.932,00 денари.

Во однос на структурата на реализираните средства 69,75% од средствата се однесуваат на ставката стоки и услуги (материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување за потребите на Агенцијата), а 30,25% за купување на опрема и машини.

*Прилог бр. 32: Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2023 година*

| Одобрен буџет за 2023 година (сметка 631) | Буџет 2023 | Реализација 2023 |
|---|---:|---:|
| 420-Патни и дневни расходи 300.000,00 денари | 300.000,00 | 0,00 |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 250.000,00 | 49.405,00 |
| 423-Материјали и ситен инвентар 200.000,00 денари | 200.000,00 | 0,00 |
| 424-Поправки и тековно одржување 250.000,00 денари | 250.000,00 | 16.115,00 |
| 425-Договорни услуги 300.000,00 денари | 300.000,00 | 0,00 |
| 426-Други тековни расходи 300.000,00 денари | 300.000,00 | 0,00 |
| 480-Купување на опрема и машини 1.200.000,00 денари | 1.200.000,00 | 28.412,00 |
| 483-Купување на мебел 300.000,00 денари | 300.000,00 | 0,00 |
| 485-Вложувања и нефинансиски средства 300.000,00 денари | 300.000,00 | 0,00 |
| 486-Купување возила 100.000,00 денари | 100.000,00 | 0,00 |
| **Вкупно:** | **3.500.000,00** | **93.932,00** |